**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 29-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Бесим Догани, Горан Мисовски, Марија Андоновска, Илија Димовски, Гарип Каба, Владимир Ѓорчев, Надица Танчева Тулиева, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубисав Иванов Ѕинго, Фијат Цаноски, Љупчо Георгиевски, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Владо Бучковски, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска, Шабан Салију, Лазар Китановски, Абдуладиι Вејсели, Блерим Реџепи, Сафит Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани и Тахир Хани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес.

**Предлог за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија**

За реплика се јави Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе,

Иако е малку нелогично да реплицирате на дискусија на пратеник од вчера во 18,00 часот, затоа во 30 секунди ќе се обидам прво да ги промовирам на најдобар можен начин тезите, кои што колешката Лалчевска ги спомна вчера вечерта.

Имено, таа зборуваше за две работи, дека една од причините зошто го подржува донесувањет на овој деловник е да се спречи праксата Владата во последен момент да поднесува амандмани на поднесените закони.

Сакам да спомнам дека апсолутно, нема потреба за менување на деловникот, најмалку во ваква форма, заради спречување на праксата на која што во последните 5 месеци Владата на Република Македонија ја користи како принцип, односно како правило. Односно, ако мотивите и се тие, тогаш треба да упати официјално барање до премиерот или до останатите членови на Владата, многу посериозно, многу поконцизно и политички издржано да ги подготвуваат законите, за да не во 5 до 12 не изненадуваат и ги ставаат пратениците пред свршен чин, кога не во техничка, ама навистина во содржинска смисла драстично ја менуваат содржината на законите. Значи, повторно се потврдува дека пробемите во таа природа не се во деловничките механизми, не се во техничките регулативи, туку апсолутно, во злоупотребата или неправилното или некоректното однесување на тие кои што теба да го почитуваат. Впрочем, колку што јас знам и самата колешка Лалчевска заедно со останатите членови од опозицијата во една Комисија, чинам во Законодавно правната комисија реагираат на начинот со кој што впрочем, се злоупотребува и деловникот и на таа Комисија, но и на Собранието при функционирањето на соодветната Комисија и тоа од никој друг, туку од страна на претседателката која што е член на парламентарното мнозинство. Повторно е човечки фактор.

Втората работа е таа што се обиде многу симпатично и многу чудно да го дефинира поимот за ограничување на дискусиите, со еден термин кој што го нарече временско димензионирање. Се извинувам, ама временското димензионирање наречено на тој начин не претставува ништо друго, освен обид за замолчување на опозицијата и тоа во најотворениот и согласно Уставот на Република Македонија единствениот демократски дом кој што ги обединува сите политички партии. Впрочем, ако веќе бараме ефикасност, јас сметам дека соодветен предлог можеби треба да се даде до Владата на Република Македонија на своите седници да предложи временско димензионирање, или ограничување на дискусиите на членовите на Владата, односно министрите, па можеби тогаш тие ќе бидат поефикасни и наместо Закон за празници ќе ни доставуваат сериозни и здрави закони. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи повеќе нема за реплики.

Следен за збор се јави господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Иако веќе во работните тела веќе неколку месеци расправаме околу деловникот, овде на пленарната седница да ги искажам моите мислења и ставови, воедно и ставовите на пратеничката група на СДСМ. Овој е највисокиот правен акт за нас во Собранието од кои што многу зависи работата во Собранието и основен предуслов за една добра работа во Собранието, сите да можеме да го дадеме својот максимум и да ги реализираме очекувањата на граѓаните, навистина да направиме деловник кој што ќе биде со консензус, или со поголем степен на согласност помеѓу парламентарните партии. Мислам дека овој е правен акт кој што ќе придонесе и очекувам да придонесе навистина, да имаме вистински дијалог по однос на одредбирте од него. Очекувам дека ние внатре во Собранието, заради тоа што се однесува исклучиво за нашата работа ќе укажеме и ќе упатиме порака како вистински треба да се разговара искрено помеѓу политичките партии за

да постигнеме одредени решенија за оние прашања кои што се од заеднички интерес, или од национален интерес, пред се, кои што ќе придонесат да се реализираат интересите на граѓаните на Република Македонија, да продолжиме цврсто по патот кој што го зацртавме и за Европската унија и за НАТО.

Мислам дека донесувањето на деловникот, кој што денеска е поднесен пред Собранието да се расправа за него, иако кажав имаше една поголема дебата и претходно помеѓу пратеничките групи, секои искажани ставови, меѓутоа и покрај искажување и истакнување на одредени забелешки кои што ги имавем сега, во сегашниот текст, тие забелешки не се вградени, иако морам да признам дека имаше согласност по одредени ставови кои што беа понудени од страна на работната група што беше формирана од претседателот на Собранието. Не знам од кои причини тој деловник беше повлечен и сега пред пратениците се наоѓа предлог на деловник, кој што работната група не го гледаше, меѓутоа е добро што имавме можност на пленарна седница да поразговараме и навистина, во јавната расправа да учествуваме да ги изнесуваме сите наши забелешки, затоа што пред се ние ќе го користиме овој деловник и на тој начин да постигнеме една согласност во однос на документот кој што на најдобар начин ќе ја регулира работата во Собранието.

На самиот почеток сакам да го искажам и моето несогласување и несогласувањето на пратеничката група на СДСМ, заради тоа што премиерот на Владата, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Никола Груевски, во едно писмо кое што е упатено до СДСМ до нашата претседателка не баре не кара за тоа што како ние да сме виновни за некаков наводен застој во Собранието во смисла на донесување на економски закони и развојот на Република Македонија, меѓутоа, такви точки во дневниот ред нема, или ако ги имаше, често пати завршувавме само со точките со кои што се решаваа одредени кадровски проблеми, а потоа ја прекинувавме седницата и ја одлагавме.

Мислам дека таков начин е неприфатлив. Сега знаме дека на дневен ред на агендата за разговори помеѓу политичките партии во кои што очекуваме конечно да заопчне политичкиот дијалог, е ставен и деловникот на Собранието на Република Македонија, меѓутоа, ние претходно овде дебатираме, за што мислам дека требаше да седнеме порано, да најдеме консензус, согласност за одредени ставови и само за најкрупните прашања за кои што не се согласуваме меѓу себе, да седнема да разговараме. Јас навистина очекував дека ќе се најде сили и разум да се сочека малку во тој период да завршиме други некои закони кои што се и те како значајни за развојот на Република Македонија во смисла на економијата што е главниот елемент, или главната поента на програмата на парламентарното мнозинство во овој период.

Искрено мислам дека деловникот на Собранието на Република Македонија трабаше да се донесе, или треба да се донесе, па ако сакате можеме и сега да го донесеме, неговата важност треба да започне со новиот парламентарен состав, заради тоа што тоа било пракса во Република Македонија, тогаш без претходни предрасуди на еден конструктивен начин ќе можеме да разговараме за нормите, да постигнеме меѓусебна согласност и нема да бидеме оптоварени со тоа дали некој ќе биде партија на власт или во опозиција во тој период. И навистина, не можам да прифатам дека основната причина заради која се донесува овој деловник е неефикасноста на Собранието. Овој деловник и самиот предлагач констатира во неговото експозе дека иако е краток временски период има одреден слабости кои се согледале од пратениците воопшто во Републичкото собрание, тоа е неспорно, меѓутоа, не станува збор за неефикасност, заради тоа што со ист тој деловник, истото ова Собрание донесе над 1200 закони. Тука е проблемот пред се во менаџирање на работите во Собранието и со една подобра координација, со една подобра стратегија како и на кој начин да работиме внатре во Собранието, мислам дека ќе можеме да постигнеме ефикасност, која што е иста, приближна, дури и поголема на минатиот парламентарен состав. Така да, за мене не е многу приватлив аргументот дека единствена причина е неефикасноста на Собранието. Ако знаевме малку повеќе да разговараме, ако знаеме малку повеќе да се почитуваме меѓу себе и ако знаевме да научиме да постигнуваме согласност и компромиси за најзначајните работи во Република Македонија, значи не зборувам за прашања кои што се исклучиво прашања на реализација на програмата од која што нема да се отстапи од парламентарното мнозинство и тоа е принципиелно, и тоа е во ред, меѓутоа, за најзначајните прашања, тоа ќе беше сосема легитимно.

Исто така, СДСМ воопшто и коалицијата за Македонија заедно го искажа сопствениот став како конструктивна опозиција. За сите законски проекти, за сите закони кои што се разгледуваат во сферата и на економијата и на забрзувањето на патот кон Евро и НАТО интеграциите, ќе ја имате нашата подршка, конструктивно ќе разговараме, ќе настојуваме, таму каде што сметаме да се подобри секој закон тоа да го направиме преку амандманска распава и тие закони може на многу брз и ефикасен начин да се донесуваат. Меѓутоа, сепак мислам дека прашање на приоритетите не се оние за кои што искрено се залагаше парламетарното мнозинство и Владата. За мене воопшто не беше прашање на приоритет Законот за празниците за кој што дискутиравме месец и половина, за кој што веројатно, ќе дискутираме уште многу. За мене прашање на приоритет не е ниту Деловникот на Собранието на Република Македонија, заради тоа што имаме деловник по кој што работиме и

тоа не е прашање исклучително итно и исклучително значајно во овој момент. Мислам дека во оваа агенда и тогаш ќе бев убеден и тогаш ќе ме убедеше и премиерот на Владата и парламентарното мнозинство дека навистина се залагате за побрз економски развој ако решававме дел од проблемите што ги имаат и земјоделците и стечајците итн. Многу категории на луѓе во Република Македонија очекуваат нешто да направиме за нив, а не постојано да се расправаме помеѓу себе, за работи кои што не ги тангираат, или кои што им ги наметнуваме да бидат значајни за нив во овој период.

Заради тоа, мислам дека барем во денешнава расправа, или од расправата која што ќе биде деновиве по однос на деловникот, искажувањето на нашите ставови, ќе извлечеме поука од претходното работење и ќе можеме, реков на почетокот искрено да разговараме и да се усогласиме, заради тоа што деловникот треба да биде навистина деловник, кој што ќе биде прифатен од сите пратеници. Деловникот треба да биде деловник кој што ќе го почуствува секој пратеник за него и само на таков начин ќе имаме ефикасност во работата на Собранието. Ако сега настојуваме како што се кажуваше во претходните расправи дека некој во Парламентот не е основа за донесување на деловникот, или не е основа за донесување на решенија, мислам дека е грешка. Тоа не покажува за нашата искреност дека сакаме да направиме чекор напред во тој дијалог, туку едноставно, да водиме расправа, или како што неколу пати кажувам да го направиме тој дијалог на глуви, да ги изнесеме аргументите, а повторно да се направи она како што е замислено од страна на парламентарното мнозинство. Меѓутоа, мислам дека и вие почитувани колеги од парламентарното мнозинсво сте свесни дека овој правен акт е токму оној околу кој ќе мораме да постигнеме максимална согласност, заради кој ќе мора да седнеме и да разговараме и со таква согласност во втората фаза да го донесеме и деловникот во Собранието на Република Македонија.

Во обраќањето на предлагачот, мислам дека премногу беше посветено внимание што се случувало во минатиот период на деловникот, од кого бил предложен, како бил предложен, што мислам дека е сосема безначајно за оваа расправа. Имаме фактичка состојба во која имаме сегашен предлог на деловник и по него разговараме, заради тоа што не сакам да бидеме хендикепирани ние, или да говориме за нешто што се случувало во минатиот период, барем тие што не биле во овој парламентарен состав, без разлика дали тој предлог деловник бил подготвен од едни или други, дали тој деловник го видела онаа или оваа пратеничка група, очигледно и сосема сигурно дека и во тој период, иако на крајот од мандатот немало согласност помеѓу пратеничките групи и затоа не бил ставен во собраниска процедура. Тоа треба да ни биде еден аргумент плус дека мораме да направиме се за постигнување на една таква согласност.

Инаку, зошто СДСМ очекува навистина да се доенсе еден деловник. Кажав и ние ги согледуваме слабостите кои што ги има овој деловник, тие дојдоа до израз токму во овој парламентарен состав, каде што одредени одредби од тој деловник беа и злоупотребувани и ќе мораат до крај да се дефинираат одредени работи за да немаме меѓусебни недоразбирања, без разлика кој од која страна во Собранието ќе седи.

Знчи, покрај сите овие причини, кажав и зголемувањето на ефикасноста е една причина, меѓутоа, пред се, тука би било подобра организација, подобро менаџирање во Собранието би овозможило навистина, да се применува деловникот. Ако самите си правиме кочници, ако самите можеби и намерно го блокираме Собранието за да претставиме дека нешто не е во ред, или за да покажеме каде лежи слабоста, а таа всушност е на друго место, мислам дека тоа граѓаните на Република Македонија ќе го препознаат мислам дека како изминува времето ќе се гледаат резултатите и ќе видиме во која насока ќе се движат и оценките.

Мислам дека, Собранието, нашата работа барем е јавна, ќе може да суди за она што тоа или Парламентот го работи и по кои правила во овој период.

Накратко, ќе искажам и дел од забелешките по овој Деловник, иако ви кажав дека длабоко верував дека овој Деловник треба да се применува од идниот парламентарен состав, за да не се зголемуваат тензиите кои што се присутни во овој период и мислам дека на таков начин ќе можеме порелаксирано да разговараме.

Зошто сметам дека овој предлог-Деловник на почетокот е Деловник кој што парламентарното мнозинство сака да ја узурпира расправата или да ја ограничи дискусијата во Собранието, не е основната причина дека некој намерно ја злоупотребува говорницата, иако има и такви случаи. Меѓутоа, ако погледнеме и при донесувањето на одредени законски проекти, конструктивноста на опозицијата во тој дел мислам дека не е причина ако ние ги ограничиме дискусиите дека многу поефикасно ќе работиме, отколку на пленарната седница. Ограничувањата на дискусиите за мене е чисто замолчување на опозицијата, впрочем, тоа и премиерот во една изјава го кажа дека очекува да се зголеми ефикасноста на Парламентот некаде после јануари кога ќе биде новиот Деловник, за да не можеме толку да ги оддолжуваме седниците на Собранието. Ако е тоа целта овде помалку да се разговара и само да проработи гласачката машинерија, без да се гледа на квалитетно одредени решенија, тоа не е добро ниту за парламентарното мнозинство, ниту за граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, таков ризик, сепак, ќе преземе парламентарното мнозинство, доколку нема слух навистина да разговараме сериозно за овој дел.

Затоа, сметам дека ограничувања на дискусиите не треба да има воопшто во овој парламентарен состав. Иако, се користат одредени искуства од Европската унија или од Бундестагот, сепак ако детално ги анализираме мислам дека 10-те минути дадени на пратеникот за едно прашање, навистина е многу малку.

Втората крупна забелешка, која што сакам да ја истакнам овде е пријавувањето само во првата минута од поставувањето на прашањата на дневен ред или од отворањето на расправата. Тоа претставува апсолутно нон-сенс во парламентарната демократија. Тоа, од било кои причини, оправдани причини, траење на комисии или не знам кои други работи во Собранието, ние со овој Деловник ќе ја скратиме можноста на пратениците да разговараат на одредена тема, да го изнесат сопственото мислење. Тоа ќе биде така, затоа што не ќе може да биде присутен на почетокот на расправата да се пријави за дискусија. Тоа нема никој право, најмалку ние самите да си ја узурпираме нашата позиција и на тој начин да се деградираме самите себе и да го деградираме Собранието на Република Македонија. Впрочем, за оваа одредба, за оваа наша забелешка и претставникот кој што беше повикан од Бундестагот кажа дека тоа е бесмислена работа и на тој начин не можеме да ги устроиме пратениците да бидат поефикасни односно да си ги оствариме сопствените Амандманот го ставам на гласање цели. Мислам дека на тој начин ќе се предизвика контра ефект сите пратеници да бидат пријавувани за дискусија или пријавувани од некој друг колега кој што е во моментот присутен, се со цел да не го загубиш редот за да можеш да дискутираш.

Понатаму, во однос на предлагањето на амандмани во втората фаза, каде што се предлага пратеничка група да биде предлагач на амандманите, исто така, е неприфатливо. Неприфатливо е, заради тоа што уставната категорија на пратеник во Република Македонија, нема пратеничка група која што може да поднесе амандман. Кој го зема тоа право да ја скрати можноста на секој пратеник да поднесе амандман, заради подобрувањето на текст на Законот. Па и внатре во рамките на сопствената пратеничка група има одредени пратеници или може да се случи за одредени прашања да не се добие поддршка на пратеничката група. Меѓутоа, пратеникот според свое уверување, според длабоката верба што ја има за исправноста на таа одредба, ќе нема можност да поднесе амандман. Кому му служи уште еднаш и уште една одредба да ставиме во Деловникот која што ќе придонесе самите да се деградираме, а не да воспоставиме норми со кои што ќе ја зајакнеме позицијата на Собранието. Таа перманетно во овие 16 години, без разлика кое парламентарно мнозинство било, се претвора во инструмент на Владата, во гласачка машинерија која што е подредена на Владата, нивните размислувања во секој момент, ќе може да расправа кога тоа ќе го каже претседателот на Владата или Владата воопшто. А, ние за ниту еден министер или за ниту еден премиер не можеме да кажеме, заради тоа што премногу сме стегнати во обрачот на партиските интереси. И на овој начин покажуваме дека не сме подготвени да дадеме поголема важност на пратеникот, да му дадеме поголема самостојност за да може да одлучува во одредени моменти онака како што му налага неговата совест и да покренува одредени иницијативи, заради тоа што ќе биде врзан за сопствената пратеничка група, која што мислам за ова треба да се размисли, овој аргумент треба да биде прифатен и да се овозможи секој пратеник да може да покренува иницијативи.

Мислам дека генерално принципот на донесувањето на законите или постапката на донесувањето на законите во трите фази, за мене, а и за пратеничката група на СДСМ е прифатлива, заради тоа што тоа е еден од механизмите на кои што ќе јакне позицијата на Парламентот. Штом одреден законски проект ќе биде во собраниска процедура, тука завршува веќе улогата на Владата, нема да има можност на злоупотреби што се случуваат во сегашниот состав на Парламентот, во собраниските тела да расправаме за еден предлог на закон, за после тоа суштински се измени и дури по затворањето на општиот претрес во расправата од страна на Владата, се заради тоа што му се дава некакво право до крајот на претресот да може Владата да ги изменува законските предлози. Уште повеќе, самите да се правиме дека не ги разбираме работите, па дајте Комисијата за деловнички прашања да заседава, па дали има право пратеникот да поднесе амандман ако поднела Владата, па дали ќе го користиме овој член или ќе го читаме како што треба или како што не треба, како што нам ни одговара и т.н., реков, тоа се основите за кои што треба да имаме доуредување на законските норми. Меѓутоа, со ваквиот начин на прифаќање на работа во Собранието, ќе мора да се преземе и обврска навистина службите да бидат солидно екипирани за да има услови за една таква работа. Сега, ние гледаме, посебно Законодавно-правната комисија која што е оставена на неколку стручни работници или соработници во таа Комисија, на членовите на Комисијата, се гледа дека не може до крај ефикасно да се одработи работата и онака како што треба. Меѓутоа, подетално би разговарале за одредени норми кои што се сместени во овој дел на Деловникот и кои што навистина се контрадикторни норми кои што ќе предизвикаат поголема забуна, норми кои што ќе предизвикаат поголем застој во работењето, отколку неговата ефикасност.

Овие се главните забелешки кои што ги истакнуваме овде пред Собранието, иако имаме и други кои што ќе бидат изнесени. Јас искрено очекувам дека конечно и покрај сите укажувања досегашни и покрај тоа што сите во Европа и во светот виделе дека во Република Македонија нема искрен политички дијалог, конечно тој ќе започне и конечно ќе сфатиме дека токму овој

правен акт кој што е во Собранието ќе мора да го донесеме со концензус.  Исто така, конечно ќе сфатиме дека сите ние ќе мора од нешто да се откажеме во дадениот момент, конечно ќе сфатиме дека сите ние ќе мора да имаме и поголем демократски преговарачки капацитет за да го постигнеме тоа што го посакуваме и на крајот сите според таквите очекувања да го усвоиме овој Деловник. Инаку, воопшто не би се сложил, уште еднаш потенцирам, дека ќе биде потполна грешка ако само седиме залудно овде неколку денови и ги слушаме аргументите на опозицијата и на крајот пак да си го донесеме Деловникот според мислењето на оние што сметаат дека се основа за донесување на Деловникот, за донесување и на други законски проекти, а јас сметам дека тоа е секој пратеник во Собранието на Република Македонија, заради тоа што мора да го почувствува овој Деловник како свој.

Уште еднаш нагласувам дека пратеничката група на СДСМ, сите закони кои што се поврзани со процесот на  хармонизацијата е подготвена брзо и ефикасно да ги донесеме, со однапред координирана работа и со  подобрување на менаџирањето во Собранието. Само на таков начин ќе успееме во нашите намери. Инаку, ако продолжиме вака да се надмудруваме се повеќе ќе стагнираме во напредокот, се повеќе изјави, се повеќе документи, се повеќе извештаи ќе стигаат дека не се успешни, но, тогаш ќе биде премногу доцна, па едното или второто мое мислење дека намерно некој сака, заради тоа што не му е грижа воопшто за европските перспективи, туку едноставно преку ваков начин на работење би обезбедил владеење во Република Македонија само по негова мерка. Е, тоа не го посакуваат граѓаните на Република Македонија, верувајте. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Павле Трајанов.

Повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пратеникот Спасовски изнесе голем број на сугестии кои што можеби ќе бидат во функција на подобрување на текстот на Деловникот, меѓутоа, повеќе пати зборуваше за дијалогот или пак посебно за тоа од кога треба да стапи во сила овој Деловник. Политичкиот дијалог, според моите убедувања, пред се, треба да се води овде во Парламентот, каде што партиите се застапени со свои претставници и тука можеби треба да биде главната демократска борба. Ние сме научени постојано на некое друго место да се решаваат проблемите и од таму да добиеме директиви како ќе гласаме после. Мислам дека таа пракса треба да се надминува, треба да има дијалог со сите релевантни политички партии за некои исклучително битни прашања врзани со националните, државните и стратешките интереси на Република Македонија, за кои треба да се обезбеди концензус поширок, а не само парламентарен.

Од друга страна, ако сакаме брзо да чекориме кон Европската унија или ако сакаме да го подобриме квалитетот на живеење како Парламент мораме да работиме многу поефикасно. Заложбата на Владата е, пред се и на парламентарното мнозинство да обезбедиме услови Парламентот да функционира ефикасно. Јас нема да поддржам одредби ако парламентарното мнозинство на кое припаѓам се обидува да ја замолчи опозицијата. Мислам дека не е таква интенцијата на овој предлог-деловник. Исто така, нема да поддржам предлози што доаѓаат дека Деловникот треба да важи после овој мандат. Но, еве, бидејќи има дијалог, мислам дека треба ние да го поминеме Деловникот, расправаме, да дадеме сугестии и предлози, а од кога ќе стапи во сила, да не губиме време сега, туку тоа прашање да се реши можеби низ тој политички дијалог и надвор, особено овде во Парламентот. Затоа што, ако заглавиме на тоа од кога ќе важи, од кога ќе стапи во сила овој Деловник, тогаш мислам дека нема да имаме квалитетна расправа и нема да понудиме квалитетни решенија кои што се битни за поефикасна работа на Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Оливер Спасовски, вашата минута.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван колега Трајанов, навистина ги ценам вашите заложби за дијалог, меѓутоа ќе мора да се наметнете на лидерот на вашата опозиција за да го убедите дека треба да се разговара. Инаку, да ги повика сите политички партии на еден таков дијалог.

Јас ги изнесов нашите аргументи зошто мислам дека овој Деловник треба да се донесе со максимум постигната согласност или консензус и зошто треба да важи од идниот мандат. Инаку, самите изјави и на парламентарното мнозинство, реков и на претседателот на Владата, кои што беа во функција дека ние тоа ќе го направиме без разлика дали тоа не води кон дијалог и кон искрена воспоставена комуникација во овој период за ефикасност на Парламентот. Ако не го направиме тоа, нема да има ефикасност на Парламентот и покрај сегашното лошо менаџирање на работите во Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да продолжам со пратениците што побараа збор, дозволете да ви дадам една информација.

Ве молам, да не ја интерпретирате намерата да ја давам оваа информација како моја намера да сугерирам, најмалку ми паѓа на ум да сугерирам. Ако сакам нешто да кажам, ќе земам збор, не сакам да делувам на дискусијата на ниеден начин, меѓутоа, сакам да ви дадам една информација која евентуално би ни заштедила време.

Точно навреме дојде за клучниот извештај на човекот од германскиот Бундестаг, експертот што ни помагаше. Тие заклучоци од денес ќе бидат на Интернет. Се работи за еден опсежен германски документ. Најверојатно тоа е пример да се учи како се прави документ. Но, таму има две многу интересни нешта, едното ме изненади и второ, ќе почнам од првото. Таму има еден предлог кој го споделува нивното искуство кога ги менувале деловниците, како тие ги менувале. Спорните елементи 3,4 или 5 колку што се ги ставале во експериментална фаза на проба по 6 месеци. Интересно е да се помисли околу овој генерален конфликт, судир, дали сега или по три ипол години, зошто не можеби постепено по еден елемент, ако не може на друг начин да се постигне спогодба. Во техниката на постигнувањето компромис, тој предлог ми се стори релевантен.

Вториот предлог, треба да ви кажам воопшто не ме изненади и го очекував. Вториот не е предлог, тоа е тврдење дека  не постои парламент во светот кој нема било какво, мало, средно, големо било какво ограничување во говорот, освен, таму го цитира Американскиот сенат. Тие информации ми се сторија битни, меѓутоа, во екот на расправата многу сум среќен, во екот на оваа расправа многу сум среќен што дојде еден релевантен документ кој, прво, ве фурнира со информации, ве фурнира со извесни предлози, за да можеме сите да земеме побогато учество во целата оваа расправа. Благодарам и се извинувам што го узурпирав времето, но еве нека биде процедурално, сакав да ве известам да ја отворите ВЕБ-страницата наша и ќе видите дека има богати нешта.

За збор се јави господин Андреј Жерновски. Повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги парламентарци,

Јас ви благодарам што токму сега ја кажавте оваа интервенција ми значи во секој случај при начинот на кој што ќе ги констатирам моите ставови во врска со Деловникот. На почетокот да се заблагодарам на Владата на Република Македонија што даде свое мислење во врска со Деловникот и добро е, мене ми се допаѓа кога една институција како што е Владата дискутира за Деловник кој што дефакто е Устав, начин на кој што ќе работи Парламентот на Република Македонија. Тоа е еден убав обид да се комуницира институционално. Почитувани пратеници, очигледно дека во врска со овој Деловник, во врска со овој предлог кој што предизвика многу внимание во Република Македонија оправдано, секој има своја стратегија. После настапот на досега сите што учествуваа од страна на парламентарното мнозинство, а и според мислењето на Владата очигледно е која е стратегијата на парламентарното мнозинство. Стратегијата на парламентарното мнозинство е да се констатира дека има потреба од донесување на Деловник, со што дел од опозицијата се согласува, со што можеби се согласуваат и дел од пратениците на Либерално демократската партија. Меѓутоа, почитувани дами и господа имаме текст кој што е предложен. Многу малку пратеници од парламентрното мнозинство дискутираат за текстот. Слушајќи ги сите оние кои што до сега дискутирааа  од страна на парламентарното мнозинство имам впечаток дека сме добиле различни текстови. Ме чуди што ниту еден парламентарец од парламентарното мнозинство, ме чуди што Владата на Република Македонија не спомнува нешто, односно бега од една тема каква што јас додека бев во овие столчиња пред 5 јули овде во парламентот се лупаше на говорницата, се лупаше на оваа маса, функционери кои што сега ги нема, односно пратеници, а кои што во  моментот не се присутни во салата, мислам на координаторот на ВМРО ДПМНЕ госпоѓа Бонева, бидејќи сакам да ја цитирам, излегуваа како што пишува во стенографските белешки, јас денеска ќе ги читам стенографските белешки и ќе го читам омилениот стенограм на господинот Никола Груевски кој што беше прв овде како претседател на ВМРО ДПМНЕ за да дојдеме до она што вчера е испратено како соопштение, да позборуваме за моралот во политиката. Односно дали пред избори сме демократи, дали после избори кога ќе се освои власта одеднаш ги менуваме нашите ставови и дали ЛДП, или Андреј Жерновски го променил својот став. Значи, никој од дискутантите, никој од Владата на Република Македонија не кажува дека во овој Деловник се предлага употреба на албанскиот јазик во Република Македонија во работните тела на Парламентот. Тоа е стратегијата на парламентарното мнозинство и на Владата. Стратегијата на опозицијата, се разбира ќе биде обратна. Да ги видиме кои се тие моменти од кои што парламентарното мнозинство бега, а бега затоа што имиџот кој што е креиран на многу политичари, многу кариери кои што почнаа со шаторите позади овој парламент, односно пред овој парламент, а позади мене, почнаа токму бранејќи ја македонштината од “налетите на албанизмот”, на потребата на албанскиот јазик во институциите на Република Македонија.

Да почнам по ред. Јас ќе дискутирам на оваа тема, бидејќи во времето кога се дискутираше за употреба на јазикот во општините, мојата куќа, целосно влезот, целосно автомобилот и приодите кон градскиот трговски центар беа забележани со плакати каде што Андреј Жерновски е предавник на Република Македонија, облечен во нешто кое што сега гледаме дека се употребува. Ова беше затоа што Андреј Жерновски дискутираше овде за тоа каде и како треба да се употребува албанскиот јазик. Во ред, тоа беше став на тогашната ВМРО ДПМНЕ. Она што сега се предлага од страна на парламентарното мнозинство и од Владата на Република Македонија е подржано. И сега ќе речам, многу попаметно да не го пратеа овој документ, бидејќи од ова се гледа  кој стои

позади предлогот. Се бара официјализирање чекор понатаму кон она што тогашната опозиција, а сега парламентарно мнозинство, конкретно ВМРО ДПМНЕ и останатите политички партии околу ВМРО ДПМНЕ кои што сега ја напуштија салата, а кои што ги прозвав. Сѕе надевам госпоѓа Бонева ќе дојде овде. Се сеќавам кога заедно како ЛДП, како СДСМ и како ВМРО ДПМНЕ ја напуштавме Комисијата која што ја водеше тогаш пратеник од ДПА, Комисијата беше за труд и социјална политика, затоа што пратеникот се обидуваше и ја воеше дискусијата на албански јазик. Госпоѓо Бонева, или господа пратеници што бевте во тој состав, јас мора да се обратам прво на оние пратеници што беа во тој состав. Ако тогаш го напуштавме тоа работно тело, ако тогаш ја напуштавме Комисијата, затоа што се дискутираше на албански јазик, како одеднаш после 5 јули не само што нема да ја напуштите седницата на Комисијата туку одите чекор понатаму, барате токму албанскиот јазик да се употребува во Република Македонија. Или ќе бидеме комити пред 5 јули, а ќе зборуваме за економија после 5 јули, или ќе бидеме војвода пред 5 јули, а после ќе бидеме полиглоти каде што на албанските студенти, а тоа е добро, ќе кажам, им се обратиме на албански јазик.

Она што е дискутабилно многу за што дискутира цел Брисел, Стразбур, за кои што се упатени пораките, јас ќе го чекам одговорот, ќе седам до крајот на седницата, ќе го чекам одговорот и од госпоѓа Бонева и од сите. За да дојдеме до тоа дали ова е тема која што ја поврзува, ги отвора каналите, инаку затворените, како што вика првиот човек на НАТО, или како што викаат европарламентарците кои што велат: кревка ви е политичката ситуација и не е добра, или како што вели еден евро-парламентарец во овој момент во Брисел, ова не е дигресија, кажувам во врска со дијалогот: да има процедура да се одземе кандидатскиот статус на некоја земја, вас ќе ви се одземе кандидатскиот статус. Тоа е лоша вест.Никој од опозицијата не се радува,јас најмалку. Дали ова е тема која што ја поврзува опозицијата, која што ја спојува,која што отвора канали, или затвора, да го цитирам првиот човек на НАТО. За да добиеме одговор пред самото поставување на оваа дилема, треба да погледнеме кој се потпишал на овој Деловник. На овој Деловник се потпишале пратеници од ВМРО ДПМНЕ, од ЛП,дел од претставниците на малцинствата во Република Македонија и толку. Ако главната критика за дијалогот е на релација власт - опозиција или пратеници политичари блок македонски, условно кажано блок албански, погледнете го Деловникот, односно кој е потпишан на оваа иницијатива да сфатите дека прво нема власт опозиција. И второ ги нема пратениците од албанскиот блок, условно кажано во Република Македонија. Зошто? Тоа мене ми дава за право, се надевам дека преку говори, преку реплики, или не знам преку чии изјави јас ќе бидам демантирам, се надевам дека ќе имам шанса да го кажам тоа, мојот став визави демантите. Зошто се оди со проект во моментите кога сите не критикуваат и кога ви кажуваат дека наредните шест месеци се одлучувачки за вашата земја, визави НАТО и визави датумот за преговори, одиме со предлог кој што всушност е персонификација за недостаток на дијалог во Република Македонија, односно во Собранието, тука се согласувам со пратеникот Трајанов, тука се води дискусијата, а не во работни тела, тука се води дискусијата за да можат сите да дискутираат.

Понатаму, предлагачот е свесен, сигурен сум, ако ме демантираат, секој од Владата ќе одговори, учествувавме на сите средби кои што ги закажавте, учествувавме со писмени забелешки, верувам учествувале и другите од опозицијата. Зошто ништо не е прифатено? Напротив, на крај се оди со еден предлог за кој што сакам да кажам дека ќе демантирам секого дека ЛДП дала предлог, бидејќи имате изјава во еден печатен медиум, бидејќи тогаш бев координатор каде што кажувам дека тоа е предлог на Љубчо Георгиевски и дека нема поддршка од Владата заради тие и тие работи. Значи, тука сакам однапред да го кажам ставот и ќе ви биде дистрибуиран тој став.

Понатаму, фамозните 10 минути за кои што повторно се избегнува да се говори. Тешко е веќе кога зборуваме за стратегијата на парламентарното мнозинство да се објасни, тешко проаѓа. Јас ја разбирам идеата, веројатно и јас би се обидел исто, но тешко проаѓа веќе во парламентот и во јавноста да објасните дека парламентот е виновен, затоа што е блокирана политичката состојба во Република Македонија, или ако сакате реформите во економијата. Знам, свесен сум и ве разбирам затоа што имате “наредба”, или партиски директиви што се случува и во другите политички партии и во мојата, се разбира, така да се настапува. Но, сите треба да го чуваме дигнитетот на парламентот затоа што сме пратеници избрани од народот. Не е точно и грев е да се каже во овој момент во Република Македонија дека парламентот е виновен. На крајот на краиштата, прочитајте ги стенографските белешки од самите дискутанти кои што пред мене зборуваа, да прочитате дека не е проблемот во Парламентот, туку во Владата на Република Македонија. Близу 500-тини, 480 и нешто закони се донесени во претходниот состав со постоечкиот Деловник. Близу илјада акти се донесени, значи вкупно 1500 акти се донесени со тој Деловник. Тоа е како да кажете дека една иста кола вчера одела 200 километри на час, денеска истата кола оди 60 километри на час. Не е до колата, до возачот е, до тој што менаџира, се работи за истиот Деловник на Република Македонија. Дали треба да се промени во некои работи? Да. Дали треба да има дисциплина во Парламентот? Да.Дали треба да бидеме поефикасни? Да. Меѓутоа, со истиот Деловник. Но, не дискутираат оние кои што беа во претходниот состав, а јас ќе ги чекам. Парламентот е жртва на стратегијата на Владата

на Република Македонија. Затоа овој Деловник не може да биде избран како механизам каде што целата кривица ќе се свали. Имаше еден обид и во претходната Влада тоа се случи. Ни претходната Влада не беше имуна на тоа.Но, тоа го кажав на говорница и постојат стенографски белешки каде што реков, дека нема да дозволам, јас лично, не дека бев многу битен, парламентот да биде место каде што наместо рефлекторите да бидат насочени кон работата на премиерот и на Владата, ќе бидат свртени кон Парламентот. Се разбира, сите дискутираат за музеи, за празници, за деловници, за секакви други работи, само не за реформите кои што се ветени. Тогаш го кажав тоа, тоа го кажувам и сега. Тогаш бевме против употребата на јазикот поради цитирање на оние документи, оние акти кои што ја регулираат таа работа. Повикувајќи се на потпишаниот договор и сега е ставот до каде може да се употребува албанскиот јазик во Република Македонија, во Парламентот.

Дојдовме до плакатите. Еднаш, прв и послеен пат во прехтодниот мандат се ограничи дискусијата на 10 минути, тоа е по повод Буџетот за 2004 година, за кој разговаравме во декември 2003 година.Се ограичи дискусијата со цел да се стигне до 31 декември, знаете, да не се оди на времено финансирање, грешен потег кој предизвика сериозна драматична состојба овде и затоа лично дискутирам овде и затоа сакам да го покажам ова кога сум бил предавник. Да видиме кои се сега тие, или кои се тие што мене ме обвинуваат, да се видат во огледало. И излегоа тогаш, тоа што излезе во Република Македонија, во Парламентот. Прв и последен пат одлучивме да ја ограничиме дискусијата на 10 минути. И сакам да ви ја прочитам од стенографските белешки дискусијата, што дискутираа координаторот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, што дискутираше потпретседателката на ВМРО ДПМНЕ, што дискутираше претседателот на ВМРО ДПМНЕ. Пратеникот координатор:"очигледно огромна Ви е желбата да ја замолчите опозицијата. Ние впрочем можеме по 10 минути да излегуваме и да молчиме. Ова е јасен пример како се злоупотребува мнозинството во парламентот".Потпретседателот: "изгубивме многу време да најдете начин како да ја надмудрите опозицијата, односно како да се најде начин да се замолчи опозицијата. Опозицијата на овој, или на оној начин не може да биде замолчена, бидејќи во Република Македонија од пред неколку години се започнати демократските процеси. Вие се обидувате да ги уназадите демократските обиди. Денеска не не ограничивте во однос на нашите дискусии, денеска вие го ограничувате правото на демократијата, го ограничувате правото на пратениците да го искажат своето мислење". "Почитувани дами и господа, сакам да ви кажам уште еднаш дека опозицијата не можете да ја замолчите", цитат на потпетседателот на ВМРО ДПМНЕ. "Ние тоа право ќе го искористиме, денес во Македонија ова десете минути е вовед во тоталитарен режим, режим од кој веројатно сеуште некој не може да се ослободат од мајката партија. Следниот чекор што го очекуваме е укинување на директните преноси од Собраниските седици, или целосно распуштање на парламентот, бидејќи поради десетте минути ограничувањето на функцијата на пратениците е комплетно деградирана во Парламентот на Република Македонија.Пратеникот не може да биде замолчен опозицијата не може да биде замолчена, тоа е нејзино уставно и деловничко право. Ние нема да прифатиме договори кога се во прашање демократските права.Демократијата не може да биде ограничувана и не може да биде дозирана. И ние нема да дозволиме и нема да прифатиме договори во колкава мера ќе ја дозираме демократијата за да финализира, демократијата или постои, или во овој случај не постои. ВМРО ДПМНЕ пред 5 јули". И да дојдеме до она за кое сте многу чувствителни. Почитувани пратеници ова што денеска се случува во Парламентот се нема никогаш случено до сега и навистина сум возбуден и не знам што да кажам. Еве и господинот Китановски дојде, и за него имам нешто, еве ја и госпоѓата Бонева.

Да продолжам за претседателот Никола Груевски, сегашен премиер, тогаш лидер претседател на ВМРО ДПМНЕ. "Ние бараме да овозможите демократско работење во овој Парламент. Не знаеме кој пратеник колку ќе говори, меѓутоа навистина иритирачко е вашето однесување од парламентарното мнозинство и не законско, не деловничко и спротивно е на Уставот да ги ограничувате дискусиите за кои што ние зборуваме, зборуваме за 10-те минути". Понатаму по повод 10-те минути Никола Груевски сегашен премиер на Република Македонија "дали некој ќе зборува две, пет или 20 минути, тоа ќе биде избор на самиот човек што образложува, на самиот пратеник. Ова што го правите со 10-те минути е опструирање на парламентот, тоа е воведување диктатура. Не можете да му ограничите на пратеник дали ќе зборува пет минути, три минути или 20 минути.Тоа никогаш го немало и никаде го нема". За да финализира, последната изјава: ние само бараме да не бидеме ограничувани, бидејќи тоа се воведува како принцип во Република Македонија. Ние никогаш нема да го прифатиме тој принцип". Господинот Груевски не го прифаќа тој принцип, а сега не само што го прифаќа, туку така треба да работиме до крајот на нашиот пратенички мандат и идните пратеници. За моралот, еве го соопштението од вчера, се цитира Аристотел. "Тоа што е морал за човекот, тоа е политика за заедницата". И поентира кабинетот, канцеларијата на претседателот на Владата. "Крајно време е во Македонија да се врати моралот во политиката". На памфлетите, на постерите госпоѓо Бонева кои што вие ги носевте и пишува дека вие сте ги носеле и пишува како сте ги носеле вели: пратеничката Силвана Бонева излегува на говорница и носи

транспарент на кој пишува “барам збор, ништо повеќе”, “дискусија, а не диктат”, “дебата, а не молчење”, “за демократија, а не за диктат”, за да се заврши со “среќна нова 49-та”како борци најголеми антикомунисти, од најголеми антикомунисти станавте пример за тоа како се работеше во претходниот парламентарен состав. Господа пратеници од парламентарното мнозинство: среќна нова 49-та.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Силвана Бонева процедурално.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Чест и задоволство ми е да ги поздравиме нашите денешни гости во Собранието на Република Македонија Здружението на сопругите на дипломатите, акредитирани во Република Македонија и членови на меѓународни организации кои што на нивно барање денес се гости во Собранието на Република Македонија, а жените претставнички од политичките партии денес беа нивни домаќини. Ќе ни биде задоволство и ќе ни биде мило да ја продолжиме ваквата соработка и да покажеме дека Парламентот на Република Македонија секогаш е отворен за сите граѓани на Република Македонија, а посебно за дипломатите и акредитираните претставници во Република Македонија.

Ќе ми биде задоволство и понатаму да ја продолжиме ваквата соработка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Во оваа реплика, кон господинот Жерновски би искажал три-четири работи.

Прво, кога читаше кој се се потпишал, не ги дочита до крај сите потпишани. Прво потпишани се пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, од НСДП, од СПМ, од ЛП, потпишани се исто така од Турската партија, од Ромската партија, од опозиција, од Српската партија. Зарем не е тоа доволно, голем број на пратенички групи кои го поддржуваат Предлогот за донесување на деловникот. Затоа треба и вие да се запрашате, затоа што во вашата пратеничка група имаше поделеност во однос на тоа дали треба или не треба да го поддржите Предлогот за донесување на деловник во прва фаза, со вашиот потпис. Заправо и вие кажавте дека имавте поделеност во вашата група за потпишување, во прва фаза.

Во однос на забелешките кои вие ги доставивте и не се вградени во овој работен текст, мислам дека не сте до крај коректни затоа што, точно е дека имаше работна група за деловникот што беше направен, согласно Бундестагот и таа работна група работеше седум дена, се направи усогласување и кога дојде за потпис, претставникот од вашата пратеничка група и од СДСМ, не се потпиша, иако беа согласни со сите забелешки што ги дефинира работната група. Значи ние ќе работиме како опозиција и кога ќе треба да ставиме потпис за нешто што сме го дефинирале, тогаш не сакаме да оставиме трага.

Друга работа е за јазикот.

Јас во своето излагање кажав дека има две измени во однос на тој деловник што беше од 2006 година, за употреба на јазикот во работните тела. Сега гледам поделеност во опозицијата и стратегија. Едната политичка партија, ЛДП ќе го гради својот рејтинг што го има со 0,001%, со напаѓање за употребата на албанскиот јазик во работните тела. Дали вие сега поминувате во комити да бидете, како што викате, во војводи, па да го дигнете рејтингот што ви е 0,001%. На тој начин не се гради рејтинг.

Понатаму, вие како дел од пратеничката група на ЛДП кој цело време шета надвор од Република Македонија, во други држави, во делегации на Советот на Европа, не кажувате дека во Чешка, Данска, Франција, Европскиот парламент, Совоачка, Италија, Шпанија, Грција, Словенија и голем број други држави го има тоа временско ограничување на дискусиите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Господине предлагач јас не ве прозвав вас. Тие што ги прозвав ги нема.

Ставот на ЛДП не го кажав сега откако го видов рејтингот. Јас кажав и денес. Затоа слушајте внимателно.

Ставот на ЛДП беше тогаш тој и сега е тој. Ставот на ВМРО-ДПМНЕ е променет. Јас мислам тоа вие не сакате да го разберете.

Кога сме кај потписите, токму вие не само што не ме демантиравте, туку кажавте дали има и кои се од опозицијата. Каде се политичките партии и каде се од ДПА.

Рејтингот за кој зборувате, да ви кажам, Слободан Милошевиќ имаше 70% рејтинг.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Претседателе, јас би сакала да ве замолам вас, меѓутоа би сакала да го замолам и предлагачот да не манипулира со изјави од типот дека сме учествувале во изработката на деловникот, но потоа кога сме требале да го прдложиме, ние сме се потпишале како едни од предлагачите. Ние во целата процедура кажувавме дека ниту се согласуваме за тајмингот, кога се предлага овој деловник, ниту пак се согласјуваме со решенијата кои предлагачот ги предлага во овој текст на деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и затоа и не се потпишавме, како предлагачи, на ваков текст на Деловникот, кога Имаме сериозни нарушувања и суштински измени, са сметка на претходниот Деловник што, како што рекоа и моите колеги од

ЛДП, веќе можеби задираат во уредувањето на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Јас нема да реплицирам по однос на тоа што беа стенографски белешки, веројатно ќе му го оставиме задоволството и приликата на колегата тоа со некој друг да го дискутира.

Јас ќе реплицирам по однос на првиот дел и да кажам дека сум ужаснат од албанофобијата која ја слушнав денес со господинот Жерновски заради тоа што овој начин на кој овде беа презентирани ставовите, укажува само на тоа дека европскиот речник го користиме за маркетинг, дека европскиот речник го користиме само за да излеземе тука и да кажуваме дека едни работи се такви, а други не се такви, а на дело тоа не ни се случува.

По однос на тоа какви фобии ни се јавуваат, го видовме господинот Жерновски , пред неколку дена со парламентарците кога почна да им кажува како треба да ги избираат своите претседавачи односно кој треба да претседава со Комитетот за кој тие имаат суверено право да одлучат, како што ние имаме наше право да одлучиме кој од наша страна ќе претседава со тој Комитет. Така што кога ќе ја споите оваа север-југ линија, многу говори. А ако почнеме да се цитираме што се зборувал господинот Жерновски во изминатите 10 години, вклучувајќи и сега и што после тоа гласал, веројатно ќе се засрами самиот од себе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Не сакам да ја цитирам Бакојани за зелената боја на младите политичари на ВМРО-ДПМНЕ, ама кога сте таму, да ме обвини некој за албанофобија, мене што во претходниот состав на зградата моја пишува Андреј Жерновски шиптар и Андреј Жерновски балист. Мене да ме обвините за албанофоб вие, не вие лично, мислам на партијата што четирите години го изградивте рејтингот за тоа што напаѓавте колку права им се даваат на Албанците и тн. Ако сакате за албанофобија да зборуваме, не знам. Јас ќе се тргнам, па продолжете да гледате и да зборуваме за исечените канџи. Ве молам, продолжте.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши.** Јас внимателно го слушав пратеникот кој држеше говор тука и целата јавност во Република Македонија прифатила еден аргумент дека во Парламентот има злоупотреба на дискусиите и има злоупотреба на тајмингот.

Ќе го потсетам господинот за Законот за полиција кога нивната парламентарна група имаше поднесено амандмани и имаше голема злоупотреба во однос на тие амандмани. Токму амандманите на оваа парламентарна група беа тие кои направија толку долго да трае седницата, всушност да се злоупотребат нивните амандмани од ДУИ. Значи, граѓаните се убедени дека има потреба на времетраењето на дискусиите овде во Парламентот и овие злоупотреби треба да се избегнат со тоа што треба да има деловник со кој рационално ќе се искористи времето и овој Парламент ќе биде во служба на граѓаните и на законите кои тука ќе бидат донесени.

Што се однесува до албанскиот јазик, господине Жерновски, јас не знам што да ви кажам. Тоа е една реалност дека албанскиот јазик треба да биде употреблив јазик во Репблика Македонија на многу нивоа. Тоа треба да биде употреблив јазик од причина што тоа прао го дава Уставот, а Уставот во оваа држава треба да се почитува. Вие за ова треба да бидете убедени, да го прифатите, да се согласите и да ги научите и новите генерации и вашата партија и активистите ваши дека употребата на албанскиот јазик не е лошо за никого.

Да ви кажам само нешто. Сум прочитал многу романи за вештерките и за улогата на Вештерките. Токму улогата на Вештерките во политиката, е многу голема. Тоа го демонстрирате вие, го демонстрира и СДСМ заедно со ДУИ. Улогата на вештерките во политиката е токму сега кога вие констатирате дека тука нема дијалог, дека нема напредок во однос на реформите и дека токму со деловникот и со албанскиот јазик го демонстрирате токму вие. Ова го демонстрира претседателот на државата заедно со ДУИ, меѓутоа го демонстрирате и вие тука во Парламентот дека албанскиот јазик ви смета и тн. Значи вештерките оставете ги и видете ја реалноста, а реалноста е дека албанскиот јазик да се употреби во државата Република Македонија и да ја добие употребливата димензија, да добе димензија која не е лоа за никого.

Лично ние мислиме дека со идниот развој треба да имаме една исклучително позитивна клима, клима која ќе го инсталира албанскиот јазик во Република Македонија, како регулатива, како праило што ќе биде стандард за понатамошен развој на државата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам за репликата и за шансата што ми ја дадовте да одговорам.

Ќе мора некој да ми објасни, ако сака, како до 5 јули бев најголемиот антимакедонец, виза ви правата на албанците, а сега сум најголемиот албанофоб. Навистина сум збунет. За кратко време да ми се наметнат две работи што се спротивни, не знам.

Јас овде, меѓу другото кажував дека не може да има граѓани од прв и втор ред и не заслужувам ваква реплика. Зборувавте за тоа дека е

констатирана злоупотреба со 10-те минути. Тоа го зборувам во име на парламентарната демократија, бидејќи да му се одземе збор или да му се ограничи зборот на парламентарец, нема поголем атак. Затоа не сакам тоа да се повтори во овој Парламент. ДПА не сакаше тоа да се прави во овој Парламент, а сега тоа го предлага.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе. Се јавив само да реплицирам зборот "дозирана демократија". Нема воопшто да кажувам свои мислења, туку ќе прочитам неколку решенија од неколку парламенти кои имаат високо развиена демократија и парламенти кои тежнеат да имаат високо развиена демократија, па посл ќе разговараме са дозирана демократија.

Деловник на Данскиот парламент, обичен закон, увод, прво читање 10 минути, второ читање Пет минути. Тоа се решенија на тој деловник. Општа расправа, потпароли 10 минути, вото јавување 5 минути, други пратеници 5 минути. Министри 20 минути и 10 минути и тн., по однос на реплики и процедурални забелешки.

Сејмот, член 180 во кој се вели пратеникот може да зборува во времетраење од најмногу 10 минути, освен во слупаи кога се обраќа во име на паратеничка група, кога има право да зборува најмногу 20 минути.

Република Албанија, земја која тежнее да развие демократија, каде можеби и ние спаѓаме. Времетраење на говори. Член 48,секој говорник, по исклучок на случаи кога со Деловник е предвидено поинаку, има право да говори не повеќе од 10 минути.

Италија, на генерална дебата ниеден говорник не може да зборува подолго од 20 минтути. Сенатор има право да зборува 10 минути,. За ова важат и говорите во којмисија. Тоа е од нивниот деловник.

Шпанија, времетраењето предв идено за секој говорник, во дебата за било кое прашање, ако не е поинаку определено, не смее да надминува 10 минути.

Грција, член 97 од нивниот деловник, вели, во дебатата по секој проект или предлог-закон, времетраењето на интервенцијата не може да премине, а) 8 минути, за првите 6 пратеници запишани во листата на говорници, 10 минути за другите пратеници запишани на листата на говорници и б) 15 минути за известители, специјални говорници и заменици претставници на пратенички групи. Тоа го читам од нивните деловници.

Во неколку деловници во кои имав увид, единствено во Чешка и во Македонија, успеав да утврдам дека нема ограничување односно димензионирање на дискусиите.

Сега прашувам, кој има димензионирано демократија. Дали Данска, Италија, и тн., да не зборувам за Советот на Европа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Еве зошто госпоѓа Бонева е поголем политичар од вас? Затоа што премолчува,

Јас ве почитувам вас, сум го кажал тоа и во медиумите, ве сметам за еден од поконструктивните пратеници овде. Добро е што сте се спремиле и така треба еден пратеник да работи.

Она што ви недостига  во вашиот документ е само вашата дискусија пред 5 јули кога сте кажале-ова е опструирана опозиција затоа што цело време  со одлуките што вие ги носите, користејќи го мнозинството кое го имате нашите дискусии ги сведовте на минормни 10 минути. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Почитуван колега Жерновски, она што самите го кажавте дека еднаш, во една прилика ве нарекуваат албанофоб, во друга пригода сосема поинаку, е резултат на промената на вашите ставови кои ги искажувате по одредени пригоди. Значи во  тој период такви ставови сте имале и веројатно затоа така ве етикетираке, Сега  имате сосема дијаметрални ставови и немојте за тоа да ги обвинувате другите луѓе кои само се однесуваат онака како што вие ги искажувате и ги менувате вашите ставови. Тоа е резултат на тоа.

Второ, кога веќе се цитираме и се потсетуваме, не треба премногу да внесуваме патетика и театралност во настапите, како што тоа го направивте. Меѓутоа, тоа е ваш индивидуален избор и стил и од едно  барање и протест на опозицијата во  тоа време, да не и се ускратува правото да зборува за буџетот. Сега зборуваме за деловник, зборуваме за решение кое ќе важи понатаму за сите пратеници и кое ќе биде конструктивно каде секој ќе има право и можност да зборува за секоја тема за одредено време. Тогаш вие ни го ускративте времето и за секој амандман да зборуваме, така што за амандманите по буџетот, неможевме ни образложение да дадеме.

Кога сме повторно кај цитирањето, сега јас малку да ве потсетам дека вие сте еден од двајцата пратеници што за срам на македонската држава гласавте против Резолуцијата на  Советот на Европа, за осуда на жртвите на комунизмот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам на репликата господине Китановски**.**

Рековте дека сум патетичен.

Тоа дека сум гласал против, во Советот на Европа, ве штитат одредбите од Деловникот.

Изјавете го тоа надвор од оваа просторија, ќе се видиме во судница, за клевета.

Сега малку околу патетиката и околу тоа дека сте мислеле само на буџетот и тн. Еве ќе прочитам еден ваш цитат.

“Дозволете ми на почетокот на ова кратко излагање, да го искажам својот револт, огорченост и разочараност од ставот на владиното парламентарно мнозинство, да се ограничат дискусиите на пратениците и по минутажа и по број на јавување, сметам дека на овој начн се прави еден удар врз демократијата вкупно, во Република Македонија и врз парламентаризмот и еден тивок вовед во една , во иднина ситуација, во која демократијата и парламентаризмот се наоѓаат на маргините на општеството.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

10 минути пауза заради процедурални обврски.

(Седницата продолжи со работа во 12,53 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата да продолжиме со работа.

Колеги пратеници продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници.

Целата оваа дебата овие два дена што ја водиме а особено последната дискусија, последната дебата точно укажува на ова што ние како СДСМ го бараме. Овој деловник или деловникот за работа на Собранието може да се донесе во текот на траењето на мандатот но да почнат со примена од следниот состав на Собранието. Точно од дискусијата и од репликите кои што беа укажува на тоа дека во зависност во која позиција се наоѓаме ги менуваме ставовите. Значи, тогаш кога сме во опозиција ни се крати демократијата, макар ако е на една седница заради некоја важна точка скратена дискусијата, а сега не е удар врз демократијата ако се бара ваков деловник, дали ќе го кажеме со скратување на правото на говор или димензионирање на правото за говор за мене е исто затоа што целта е таа што се сака да се постигне. Јас ќе зборувам од неколку аспекти за деловникот.

Прво за значењето на деловникот;

Второ за начинот и времето на кој што ни се предлагата оваа верзија на деловник и

На крајот ќе се осврнам на содржината која што ни се нуди со овој предлог на деловник. Ќе кажам кои се аргументите, мои и на СДСМ поради што не се согласуваме со одредени понудени решенија.

Колегата Трајко Вељаноски предлагач на овој акт, на овој деловник во своето образложение, воведно излагање кажа дека деловникот е многу важен акт на Собранието на Република Македонија, за нас пратениците не само заради нас пратениците туку и за луѓето кои што работат во ова Собрание, за законодавната постапка. Точно заради тоа ќе импровизирам да се потсетам да кажам дека ова Собрание го става како посебна точка на една седница на дневен ред. Добро и јас сум за тоа, точно е, деловникот е многу важен акт за работата на Собранието. Во него се регулираат правилата на игра и со него се добива важна главна, споредна улога, а со него може да се стане и обичен солист. Зборувам за сите пратеници овде, а особено за пратениците од опозицијата затоа што овој Парламент го гледаат во целина со позиција, пратеници од позиција и пратеници од опозиција. За да не се најдеме во таква улога многу сериозно требаше, како што му посветивме внимание и го ставивме како посебна точка на дневен ред, многу да имаме посериозен пристап при изготвувањето на драф верзијата на овој деловник. Јас нема да се впуштам во вчерашните дискусии дали овој деловник бил по пример на Бундестагот, дали овој деловник е оној кој што го предложил поранешниот претседател, затоа што јас ја сваќам суштината, искрено да ви кажам јас деловник прв пат фаќам во рака, прв пат гледам и оваа е таа верзија. Значи, сум немала можност како поранешен пратеник да видам некоја друга верзија на деловник.

Да се вратам на целта која што ми беше. Ако е важен толку деловникот, а е важен според мене значи во фаза на изготвување требаше да имаме посериозен пристап. За мене формирањето на работната група беше проформа, затоа што, еве демантирајте ме ако не е така, работната група даде предлози, дадоа сите парламентарни групи во овој состав, но ништо ниту е вградено, ниту се обидуваме да вградиме. Тогаш се поставува прашање зошто таа работна група, да кажеме дека сме формирале, да кажеме дека сме транспарентни во работата, да кажеме дека имаме дијалог во Собранието, да кажеме дека соработуваме? Значи, учеството во групата без да биде земен и еден единствен став на членот на групата значи формирање на група проформа без да се постигне целта пред јавноста дека ние работиме транспарентно. Ние сепак да си тераме онака како што сме замислиле и онака како што сме зацртале.

Сакам да ви кажам дека тешко е да се донесува деловник, не е мала работа да се донесува деловник. Тоа се потврдува од самиот факт, ако се вратиме малку наназад ќе видиме дека од формирање на Македонската држава има неколку деловници. Не дека немале капацитети луѓето во собранијата кои што биле тука избрани како пратеници да донесат деловници, туку дека треба многу голема посветеност дека треба голем дијалог дека треба разбирање помеѓу сите пратенички групи за да се донесе деловник. Ќе ви кажам само за илустрација, претходно не одам, сме имале 1971 година еден деловник, 1975 година втор деловник, 1991 година по осамостојувањето привремен деловник и овој деловник по кој што сега работи Собранието. Сакам да кажам дека ставањето на оваа точка на дневен ред за мене е многу грешна проценка на парламентарното мнозинство. Таман почнавме

неколку седници да работиме на економски законик кој што живот значат за луѓето, кои што го менуваат амбиентот, како што беше на претходната седница, повторно ние, јас не знам од кои причини, знам, ќе ви кажам ама ајде да не е токму така, да не сум во право, повторно враќаме тензична точка. Зошто ни е оваа тензична точка? Значи по точките Закон за политички партии каде што ниедна политичка партија не беше консултирана за промена на законот, па ајде да не бидеме кочничари на реформи, или на она што е зацртано како програма на Владата гласавме за тој закон, па да ни се случи закон за празници, да дебатираме овде 12 дена како да е тоа најважното прашање од кое што ни зависи иднината на Македонија и кандидатскиот статус, искрено да ви кажам таман малку се подзарадував дека еве ќе почнеме нешто да работиме повторно апансас точка на дневен ред, тензична - деловник за работа. Јас знам зошто се ставаат овие точки. За да се одвраќа вниманието и да си дебатираме овде. Вие свесни сте дека ние ќе дебатираме, знаете дека ќе дебатираме. За да не дебатираме долго требаше да го направиме она што претходно ви го кажав, заедно да седнеме и да изработиме една од прилика прифатлива, не за сите, но за поголем дел на парламентарни групи верзија на деловник. Но, тоа не се сака да се направи и пак повторувам од причини за да се замаглуваат вистинските проблеми кои што ги имаат граѓаните на Република Македонија, за да се мечтае да се очекува некои фантастични резултати од работењето кои што ги нема не заради тоа што не работи Владата, туку заради тоа што парламентарната опозиција кочи, кочи и само кочи. Јас сум втор мандат во овој состав, никогаш почитувани колеги не се случило да имаме над осум седници незавршени со разни предлози на закони и постојано кога ќе стигнеме да дебатираме точно зад оние закони кои што се економски, како што е законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа кој што е поднесен на барање на сите градоначалници без разлика од која политичка партија станале градоначалници, а е поднесен уште во ноември или на почетокот на декември месец, да не се става овој закон на дневен ред, а да се става Деловникот ништо не е друго за мене освен замаглување да се држи народот во тензија, во исчекување, а ништо да не се прави.

Колега Вељаноски ако го направевте ова што ви го предложив, ако направевте навистина работна група со вистинска желба да сработи нешто, а не само да замагли очи тогаш немаше да бидат потпишани 12 пратеници и само од вашата коалиција, туку ќе беа потпишани можеби три пати по 12, а јачината на деловникот кој ќе биде донесен е многу поголема ако е поддржана барем и од една опозициона парламентарна група. Денеска вие нудите деловник кој што ниту еден пратеник од поголемите опозициони парламентарни групи нема потпишано.

Сега сакам малку да продебатирам за времето во кое што го нудите овој деловник. Замислете го ставата како точка на дневен ред во момент кога ја нема најголемата парламентарна група албанска ДУИ и ПДП. Мислам дека ако навистина се има сериозна намера, ако навистина се сака да се донесе деловник кој што ќе ја јакне демократијата и демократските процеси, деловник кој што ќе обезбеди навистина ефикасна работа на Парламентот, но и многу поголема независност на законодавната власт од извршната власт тогаш мислам дека ќе почекавте да се вратат овие две парламентарни групи, овие две политички партии и тука заедно да дебатираме и да донесеме еден деловник кој што сите ќе го чувствуваме за свој, за наш, кој што ќе одговара, како што кажуваат повеќе од дискутантите претходно на поголем број од пратениците од овој состав. Вака јас знам дека за донесување на деловник потребни се 61 глас. Јас знам дека го имате ова мнозинство, но јас знам дека овој деловник ќе биде деловник на владеачката гарнитура. Овој деловник ќе биде волја на мнозинството, овој деловник ќе биде по терк само на одредена група која што е избрана во Парламентот.

Мислам дека не треба како аргумент, јас како правник сакам да признам дека секогаш сум за промена кон подобро на прописите, па и на деловникот, но секогаш треба да се има барем кај нас законодавците еден поширок консензус. Кога имаме поширок консензус значи сме допреле до она навистина што ни е најпотребно, а вака е потребно, значи ова е по мерка на одредена група. Навистина можеби треба да најдеме мерки за зголемување на ефикасноста на Парламентот, но немојте да се вадиме дека овој деловник бил кочница за ефикасното работење. Многу кажаа, јас ќе повторам, бидејќи бев претходно претседател на Законодавно-правната комисија, ние сме разгледале околу 500 закони, измени на закони во претходниот состав по стариот Деловник, а некаде околу 900 и нешто, вкупно со се закони акти и по овој Деловник сме прогласиле уставни амандмани, два пати сме го менувале Уставот, по овој Деловник сме ја спровеле децентрализацијата, сме донеле пакет закони од 40 и нешто закони за децентрализацијата, по овој Деловник сме донеле бројни закони кои што ни биле обврска односно тоа е наша определба за добивање на кандидатскиот статус и по овој Деловник како сакате да негирате тоа ќе стои, историјата ќе пишува дека по овој Деловник Република Македонија го добила кандидатскиот статус. Но, во претходниот парламентарен состав, затоа што јас можам да направам споредба на овој и претходниот имаше секогаш отворен дијалог помеѓу пратеничките групи од позиција и опозиција. Сега како да не се сака. Сега, јас многу ми е жал ако и понатаму така се продолжи да се работи дека ние го имаме мнозинството и ние ќе го тераме овој проект онака како што сакаме. Но, верувајте дека ќе требаат и

гласовите на опозицијата. Ние нема да откажеме за сето она што значи отпочнување на преговорите за членство во Европската унија, затоа што навистина тоа го сакаме, затоа што 4 години многу посветено работевме на тоа, а не на популизам и заради тоа ги изгубивме изборите. И нема да се откажеме без разлика на такви притисоци ќе не донесувате.

Околу почитувањето на мислењата на експерти, околу компаративните искуства кои што се вградени во оваа верзија на деловник да ви кажам дека овој деловник си е правен по терк или по желба онака како што сакате да биде, затоа што, ајде да оставиме што не се вградени забелешките, има квалитетни забелешки од сите пратенички групи, не зборувам само од СДСМ, не се вградени ниту предлозите на МБАИ. Знаете дека во претходниот состав почнавме и покрај тоа што немаше деловничка одредба, отпочнавме со еден начин на работа во работните тела кои што гарантираше донесување на поквалитетни закони. Тоа беа законодавните консултации, надзорните расправи и истражните расправи. Ова е доста квалитетен предлог, зошто и тој не е внесен. Значи, нешто што, не ни текнало, но не е вградено од која страна и да е предлог нема да го прифаќаме. Барем така мене ми зборува логиката кога сето ова го имам пред мене како материјал.

Сега јас сакам малку повеќе да продискутирам околу содржината на деловникот.

Почитувани колеги, навистина мене многу ми е жал што ќе почнам прво од членот 3. Пред да се префрлам на членот 3, голема зачуденост имав кај мене што Владата по Деловникот испраќа мислење. Според постојниот Деловник, деловник се донесува во иста постапка како закон, на законите кои не се предлог од Владата по правило Владата испраќа односно дава мислење. Но ова е деловник, ова се однесува на работата на овој Парламент. Ова се правила на игра на нас тука на законодавната власт, не на извршната власт и многу ми беше чудно што Владата побрзала да испрати мислење по деловникот. Да кажеме дека онака како што се донесуваат законите се донесува и деловникот, па да кажеме има потреба од мислење, но зошто Владата со ниту еден збор не се осврнува на уставноста на членот 3. Членот 3 се однесува на употребата на јазиците. Никој, ниту Влада ниту комисија, не се осврнува на уставноста на членот 3. Искрено да ви кажам, дури и во претходниот состав многу жешка тема беа овие прашања. Играњето на картата на националните чувства многу скапо не чини. Тоа е играње со оган. Но овде сме ние како законодавен дом, при донесувањето на законите, да оценуваме дали тие се уставни, прво во согласност со Уставот ии правниот поредок.

Според мене, овој член е спротивен на амандманот 10. Да не бидам сватена погрешно, да не се најдам во опозиција на претходниот дискутант Жерновски до 5 јули да бидам оценувана како човек кој ја албанизира Република Македонија, пратеник кој што гласал за закони кои ја федерализираат Република Македонија, пратнеик кој што повеќе ги сака албанците од припадниците на Албанската заедница од Македонците. Сакам да кажам дека јас сум човек демократ и затоа сум во СДСМ и сакам да се унапредуваат правата на сите граѓани. Но, едно не можам самата да си објаснам. Ако при донесувањето на Законот за територијална организација, ако при донесувањето на Законот за употреба на знамиња на припадниците на етничките заедници, ако при донесувањето на Законот за Тетовскиот универзитет бевме изложени на страотен притисок точно на членовите на сегашното мнозинство во Парламентот, ако при донесувањето на Законот за територијална организација мене и на сите колеги од тогашната позиција од претходниот мандат куќите ни беа под опсада заради тоа што го донесувавме Законот за територијална организација, а вие толкувавте дека тоа е федерализација на Република Македонија, дека тоа е во корист на Албанците, ако бевме чувани-не знам зошто, според мене немаше потреба да ме чуваат полицајци, но таква била процедурата, ако нашите домови беа чувани со месеци од по еден полицаец (реакција од пратеници). Ќе стигнам, чекајте колега, овде се слушаат и убави работи, а треба да се слушнат и работи кои ние сме ги истрпиле, а сега точно за истите работи вие молчите. Значи, се сменило нешто, се избришало на лентата. И добро е, нека се брише, но кој е моралот во политиката за кој што сега ние зборуваме.

Од притисокот кој што беше вршен ако умреа постари членови во одредени семејства на пратеници, заради тоа што сме донесувале такви закони, сега не можам да го протолкувам вашиот за 360 степени променет став и веднаш молк. Тогаш кога донесувавме закони за имплементација на Рамковниот договор, вие велевте дека ова не е обврска од Рамковниот договор, за да сега нешто што воопшто не е обврска од Рамковниот договор, што е преточен во уставни амандмани, молчите, ништо не кажувате. Самото не кажување значи нешто и е порака. Самото некоментирање значи дека не сте во право, ама ајде, имаме мнозинство и ќе го протуркаме. Така? Но треба аргументи и кога се има мнозинство треба да се застане овде на говорница како што сме застанувале ние за Тетовскиот универзитет, како ние што сме застанувале за Законот за употреба на знамињата на припадниците на етничките заедници, како ние што сме застанувале за Законот за територијална организација, да застанете и да го одбраните не заради нас, заради јавноста да кажете зошто ова решение е ставено и дали ова решение е во согласност со Уставот на Република Македонија.

Сега ќе продолжам по содржината понатаму. Искрено да ви кажам, јас и натаму го државм ставот дека за да го чувствуваат Деловникот сите

или поголем број пратеници за свој или да одговара на нивните потреби, треба и вистинска работна група да работи на него, да ги изработи сите решенија, барем поголем број решенија со концензус и тој деловник да отпочне со примена од нареден мандат. Сега во прилог на овие ставови сакам да дадам мои размислувања околу одредени членови. За членот 3 доволно образложив и очекувам одговор?

Членот 17 став 2 регулира право на изјаснување на пратеникот на која заедница припаѓа. Почитувани колеги, она што ни генерира криза, она што ни генерира недоразбирања, ако сме со чиста волја и вистинска волја треба да го елиминираме. Вие знаете дека ваквото право на изјаснување на овој начин што повторно го предвидуваме сега предизвика проблем во ова Собрание, предизвика намалување на легитимитетот на едно многу важно уставно тело, а тоа е Комитетот за односи меѓу заедниците, мислам дека овој став на членот 17 треба да се промени така што треба изјаснувањата на која заедница припаѓаат заедниците да го даваат уште за време на своето кандидирање, за да не се случи тоа што ни се случи во овој парламентарен состав по потреба да се изјаснуваме како припадници на една или друга етничка заедница се со цел да влеземе во тој Комитет кој според мене има важна задача за меѓуетничките односи и да ја осуетиме работата на овој Комитет, да го изгуби значењето кое е дадено со Уставот.

На членот 20 кој се однесува на избор на претседател и потпретседатели на Собранието на Република Македонија, иако досега постоеше непишано правило, добро е што се вградува одредба еден од потпретседателите да биде на предлог или избран од парламентарните групи односно парламентарната група што е најголема од опозицијата. Но она што, почитувани колеги, мене многу ме зачуди е по овој член, бидејќи со сите колешки од овој парламентарен состав, а особено од претходниот, се боревме за унапредување на статусот и положбата на жената, истрошивме доста енергија, донесовме закони, а круна на сето тоа беше Законот за еднакви можности, зошто овој член не се усогласи со Законот за еднакви можности и зошто при изборот на претседател и потпретседател на Собранието не се допрецизира одредбата, не се усогласи со Законот за еднакви можности, така што да се води сметка да бидат застапени двата пола. Зошто вака реакгирам на овој член? Затоа што во претходниот состав ние немавме постојано работно тело, комисија за еднакви можности на мажите и жените, па искрено да ви кажам здушно ги теравме сите жени пратенички, без разлика од која парламентарна група се работите кои беа од "џентер" аспект, за да сега кога имаме комисија да премолчи, да не го разгледа и не ми е јасно зошто.

Предлагам при изготвувањето на крајната верзија оваа одредба да се усогласи со веќе донесениот Закон за еднакви можности.

Одредбите за избор на потпретседатели на Собранието не се доуредени и вака како што е срочена одредбата, а јас претпоставувам на ист начин како се избира претседателот се избираат и потпретседателите по аналогија, но треба да се стави една одредба со која ќе се овласти Комисијата за избори и именувања да предлага потпретседатели на Собранието.

Понатаму, имам забелешка на членот 28. Тој се однесува на правата и должностите на пратениците и обврската на пратеникот да присуствува во работата на Собранието. Во членот 29 став 2 како оправдано отсуство е само отсуството од седница поради болест и службено патување. Јас мислам дека оваа одредба е многу рестриктивна, затоа што има бројни ситуации во кои може човек да се најде како што е смрт во семејство, како што виша сила и други разни причини заради кои не може да се јави во Собранието, а неговото отсуство може да биде третирано како неоправдано. Затоа, сметам дека оваа одредба треба да се доработи и овие причини заради кои може да отсуствува пратеникот и да се смета како оправдано отсуство, да се прошири.

Понатаму, овде зборуваме само за право на пратеникот да присуствува на работа, да дава мислење, да предлага закони и сето она што е утврдено како право и обврска со Уставот, но никаде не се спомнуваат условите за работа на пратениците. Јас мислам дека ќе треба малку да се позанимаваме со тоа, затоа што вака како што е уредено само со една одредба дека пратеникот има право да бара и да добие известување и стручна помош од Стручната служба на Собранието и толку. Една е Стручната служба која работи за работните тела, умешност е на пратеникот кој прв и побрзо ќе стигне, јас им благодарам за досегашниот ангажман на службите, но мислам дека луѓето не се виновни, немаат доволно ресурси и потенцијали во Собранието за да можат сите пратеници да бидат да кажам "опслужени" за она што навистина им е неопходно за да ја вршат функцијата пратеник.

Реагирам на членот 61, каде што се уредени надлежностите на претседателот и се вели дека "се грижи за обезбедување финансиски средства за работа на Собранието". Ова Собрание се финансира од буџет и мислам дека не треба ваква одредба да се става во Деловникот, затоа што може да се претвори претседателот на Собранието во мешетар и секој ден да оди да собира донации и пари за работа на Собранието. Ова Собрание го донесува буџетот, ова Собрание треба да излезе во вистинската своја улога, да си донесе буџет кој одговара на неговите потреби. Ако донесува буџет кој одговара на потребите на Владата и на бројни агенции, веројатно може да најде сили да се донесе буџет кој ќе одговара на неговите потреби.

Понатаму, во членот 69 се вели дека “пратеник или Влада можат и по свикувањето на седница да предложат внесување на точка на дневен ред само во случаи на итна и неодложна потреба”. Од она што се случуваше во претходниот мандат, за волја на вистината и во наше време се случувало, и особено она што се случува сега, оваа одредба треба сериозно да биде разработена. Зошто? Затоа што се што се сака да се протурка од “ни видено ни слушнато”, значи по итна постапка, ни комисија не го разгледува, се користи оваа формулација: Итна, неодложна, веднаш да се стави во итна процедура. Мислам дека ова е можност за извор на манипулации и треба во верзијата што ќе биде конечна да се доразработи.

Членот 71 се однесува на присуството и учество во работата на седниците и ставот 2 го овластува претседателот да може да покани на седница на Собранието да учествуваат претседателот на Владата, министри и предлагач. Меѓутоа, никаде не е ставена можност, затоа што според Уставот предлагач на закони не се само пратениците и Владата, туку и 10.000 избирачи. Треба да се стави можност претседателот да може да покани претставник на предлагач на закон кога се во прашање 10.000 предлагачи.

Сега поминуваме на малку пожешки теми. Добро е што целата законодавна постапка според мене сега се лоцира во Собранието и така треба да биде, бидејќи Собранието е законодавен дом и веќе поднесениот закон, еднаш влезениот закон во Собранието е закон на пратениците и тие го моделираат тој закон. Обврска е Законодавно-правната комисија и матичното тело, доколку не ги разгледаат фактите да не може да се дебатира, односно да не може да се стави на пленарна седница.

Ова е добро, затоа што секогаш матичните тела, особено Законодавно-правната комисија е филтер на сето она што минува низ Собранието, но си поставувам прашање дали има доволно ресурси и капацитети во овој момент да се прави тоа. Затоа, ова е уште еден аргумент зошто треба овој Деловник подолго време да го одработиме, да ни легнат решенијата, да видиме дека ни одговара и кога сме во опозиција и кога сме на власт и да го донесеме, да отпочне со примена од наредниот мандат.

Почитувани колеги,

Одредбата од член 79, став 2, каде што е регулирано прашањето за јавување за дискусија, за мене, искрено да ви кажам, ајде да не речам ова е смешна одредба. Во рок од една минута да се бара да се пријават сите кои имаат намера да дискутираат, за мене е неможно. Прво, во рок од една минута треба сите да сме тука. Никаква обврска да не важи, ништо. А ние знаеме, еве, пред еден час бевме тука во Собранието и вршевме една друга обврска, односно една друга задача која како пратеници треба да ја извршиме. Значеше ли тоа дека, ако јас во таа минута не бев тука, а се отвореше расправа и поради тоа не притиснав, дека јас немав право да дискутирам за закон за кој што навистина сум сериозно заинтересирана и за закон што сметам дека можам да дадам конструктивен прилог за негов подобар квалитет. Ова, навистина треба да се избрише. И ова, навистина, сметам дека не е изводливо.

Дури пак, во членот 84, за оваа одредба уште понатаму да се направи уште порестриктивна, да се каже дека пратеникот, кој се пријавил за збор, а во моментот не бил тука, го губи правото веќе за збор. Од истите причини, како може јас да го изгубам правото за збор ако во моментот ког амене ми дошол редот да зборувам, да дебатирам по законот, јас сум со некоја парламентарна делегација од некоја друга држава која е во посета на нашата држава. Јас мислам дека овие одредби, со нив сте сакале на сите можни начини да им се одземе можноста на пратениците од опозицијата да дебатираат. Но ова, мислам не треба да помине, затоа што нема логика за да помине.

Остро се спротивставувам на одредбата од членот 85 каде што се регулира правото на говор. Ако скратувањето на дискусии во претходниот мандат само по една точка, тоа беше по Буџетот со цел да се запази рокот, беше “удар врз демократијата”, беше “замолчување на опозицијата”, беше нешто за кое што овде се дебатираше, се кажуваше, се пишуваа пароли и не знам што се правеше, сега, после две години и нешто да тврдиме дека ова е добро, јас не знам кога сме биле искрени во она што сте го мислеле, дали тогаш или сега. Ако сте биле сега, тогаш требало и тогаш да кажете. Не треба така ставовите да се менуваат многу брзо.

Јас мислам дека ова не треба вака да помине. Можеби треба некаков механизам за да нема бескрајни дебати, но десет минути, тоа е неможно човек да искаже работи што навистина сака да ги каже и со тоа да го подобри текстот. Немојте да замислувате, јас сум била пратеник во позиција, сега во опозиција. Немојте да замислувате дека се почнува од вас илис е почнувало од нас. Или, сега ова што го правиме е наше. Не, сите ние овде сакаме да дадеме придонес за државата, за демократијата, придонес за развојот на нашата држава, за создавање услови за подобар живот во нашата држава, иако сме во опозиција, затоа што и ние живееме тука.

Мислам дека оваа одредба не треба да остане во Деловникот, затоа што еднаш критикувана и од истите сега да се промовира, тоа е веќе двоен морал, тоа е веќе недоследнсот во ставовите, тоа е веќе одредба по потреба. Кога ќе ни треба ја поддржуваме таа одредба, а кога ќе е во наша штета, тогаш таа одредба е кршење на демократијата.

За мене, исто така е неприфатливо само координаторот на пратеничката група да има право на реагирање за кршење на Деловникот. Секако дека тука е и заменикот, меѓутоа и

пратениците, затоа што честопати и пратениците можат да забележат кршење на Деловникот што не го забележал координаторот. Тоа е рпаво на пратениците. Мислам дека тоа право не треба да им се ускрати.

Имам забелешки и по однос на формирањето на формирањето на работните тела, делегациите, каде што мислам дека треба, не мислам туку треба да бидат усогласени со Законот за еднакви можности.

Е сега, дека сите овие одредби се правени така да се ускрати правото на дебата на опозицијата зборува и членот 111, за избор на Влада. Вели - по програма на мандатарот и предлог за состав на Владата Собранието води единствен претрес, претресот трае најмногу еден ден.

Почитувани колеги,

Никогаш претресот не траел подолго од еден ден. Зошто сега и таму каде што нема проблем? Но целта е да се скрати се што е можно да се скрати. Вратите се назад, земете ги стенограмите ќе видите дека никогаш избор на Влада не траел повеќе од еден ден.

(Дофрлање од место дека изборот трае три дена)

А, зошто? А, зошто пак еден ден? Зошто пратениците...

(Реакции од место)

Не. Зошто пратениците, дури и при изборот на Влада пратениците од опозицијата да не можат да кажат зошто не се согласуваат со одредено персонално решение на премиерот за минситер или со тоа што го нуди за министер? И тука ли да се крати демократијата? Ова, мене, навистина не ми е сфатливо и затоа ви велам треба сериозна раборта на Деловникот. Треба сите да учествуваме. Мислам на претставници од сите парламентарни групи. А, не да биде овој Деловник само по терк на една пратеничка група или коалиција што сега е на власт и го има мнозинството.

Во овој мандат ни се случи разрешување на носител на функција. Тука дебатата траеше помеѓу нас дали треба оној кој се разрешува од функција да биде повикан да даде свое образложение или да се произнесе по предлогот за негово разрешување. Во правото, секогаш има сослушување на двете страни.

Ако тогаш дебатиравме помеѓу себе, едни велевме е деловничка одредба, други велевме не е, зошто сега не го воведете ова во Деловникот во случај кога се разрешува носителна функција избран од Собранието, да нема право овде да образложи или да го каже својот став, своето мислење. Да не ги доведуваме луѓетокако пред “преки суд” тука еден предлага разрешување, мнозинството, бидејќи секогаш го подржува оној кој предлага, ќе гласа, без да се слушне другата странка, без да и се даде можност да ги каже своите мислења. Па на крајот на краиштата може некој ќе дојде тука и ќе каже - Да, јас сум крив, разрешете ме. Но дајте му можност на човекот кој се разрешува.

По однос на решенијата по работните тела да членуваат и експерти, немам некој негативен став. Меѓутоа, сметам дека тоа беше претходно решение, во стариот Деловник и така беа формирани комисиите. Немам некој негативен став. Но, мислам дека до сега и овој Деловник, одредбите од овој Деловник дава можност претседателот на работното тело да повика експерти и да се произнесат попрашања што се разгледуваат на седниците.

Но, тоа што мене посебно ме заинтригира: - Работното тело може д аима двајца членови од редот на научните и стручни работници од кои едниот се избира на предлог на пратеничките групи од партиите на власт, а другиот на предлог на пратеничките групи од партиите на опозиција. Па, кој експерт ќе дојде тука да го етикетираш дека тој, да, ќе ги брани нашите ставови, а оној ќе ги брани вашитес тавови. Тоа е многу лошо решение. Мислам дека во пракса не знам кој експерт би се нафатил да дојде и да каже - јас ќе ги застапувам опозицијата или јас ќе ја застапувам позицијата. Тоа решение не е добро. Мислам дека треба поинаку да се моделира, ако веќе остане вака, како што е предвидено. Односно, ако остане во работните групи и понатаму да има експерти како членови, без право да одлучуваат.

Мислам дека технички не е изводливо, поканата за седница и материјалите за седница на работно тело да се доставуваат 5 дена. Сега, рокот се скратува од 8 на 5 дена, а зошто, ќе ви кажам. Затоа што, ако се чита онаа одредба дека 3 дена пред заседанието на работното тело треба да бидат поднесени амандмани, пратеникот ќе нема време ниту да ги прочита материјалите, а не за два дена и да изготви амандмани, а велиме дека целокупната законодавна постапка ја лицираме сега во Собранието и пратениците се тие кои ќе ги креираат понатаму законите, без разлика кој е предлагач на законите. Мислам дека треба да се направи една симулација и ќе се види дека тука тоа решение не е во ред.

По однос на законодавната постапка, на почетокот кажав дека е добро што се пренесува во Собранието и добро е веќе, навистина, пратениците да бидат тие кои ќе ги креираат законите. Меѓутоа, што не е добро? Не е добро во Деловник да има решение каде што најмалку 15 пратеници во рок од 5 дена по добивањето на предлогот да можат да иницираат општ претрес или дебата на седница.

Оваа одредба не ни штети нам, на поголемите пратенички партии. Ние секогаш ќе имаме барем минимум 15 пратеници. Но, што правиме со правото на помалите пратенички групи? Дали тие никогаш нема да предизвикаат дебата во Собранието? Значи ли тоа дека тие никогаш не треба да поднесат ниту закон, затоа што вака како што е направена целата законодавна постапка,немаат право да предизвикаат општ претрес, бидејки немаат 15 пратеници. Сето тоа ќе заврши пред комисијата, матичното тело или Законодавно-правната комисија. Затоа што

секогаш сите акти или закони што ќе бидат предлагани од опозицијата ќе одлучува работното тело каде што таму има мнозинство дека нема потреба од донесување на овој закон и сега, во која позиција ќе ги донесеме пратениците? Дали нема да им го одземеме, со едни вешто срочени, вешто за оние што не го знаат правото, бидејки сите не сме правници, дали со едни вака вешто срочни одредби ќе им го одземеме уставното право? Практично за мене е одземање на уставно право за поднесување на закони, затоа што тие ќе поднесуваат, но ќе завршуваат до работните тела каде што ќе се каже дека нема потреба од донесување на законот.

Тоа значи деак ова решение навистина не е во ред. Ова решение е на штета на помалите парламентарни групи. Ова решение треба да отпадне. И секогаш треба да има општ претрес, затоа што Комисијата или Законодавно-правната комисија не е најмеродавна да одлучува дали има потреба од донесување на законот или не. Потребата од донесување треба секогаш да биде овде на дебата во Собранието.

Уште една голема, за мене, неправда. Цело време во законодавната постапка се оперира со пратеничка група, 5 пратеници, 15 пратеници. Со вакво решение, и ваквите решенија, практично индивидуалната креативност на пратеникот се губи. Ако јас, во второто читање, сама како пратеник не можам да поднесам амандман, треба зад мене да застане рпатеничка група или 5 пратеници, колку беше, тогаш се псотавува прашањето дали оваа одредба е во согласност со Уставот? Дали, каде ми е мене уставното право да поднесувам закон, а уште повеќе амандман? Затоа што ако можам да поднесам предлог на закон да се донесе, амандман секако. И сега, овде, мене ми се оневозможува тоа, како пратеник. Тоа значи дека морам да барам поддршка од 5 пратеници за да можам да поднесам амандман. Ова, ниту е во согласност со Уставот, и искрено да кажам ќе ја гуши креативноста на пратениците. На крајот на краиштата никаде во Уставот нема парламентарна група. Тоа е измислена категорија тука, во Собранието, заради наше поефикасно работење, заради ставови, заради настапи.

Мислам дека сите овие одредби треба да отпаднат. Особен пак што ме загрижува е решението каде што во третата фаза, третото читање, јас не знам ни колку закони ќе имаме со третто читање, сигурно оние посистемските, а вака како што е средено третто читање за закон нема да има ниту еден предлог на опозицијата, затоа што сите предлози на опозицијата ќе завршуваат до матичните тела. Еве направете една симулација, така ќе излезе. До Законодавно-правната комисија и до матичното тело, особено пак на помалите пратенички групи каде што нема шанса да предизвикаат општ претрес.

Значи, трето читање, според мене, кога си правам симулација тука, ќе имаат само законите кои ќе ги предлага Владата посистемските закони. Сега, зошто во третото читање да нема амандмани и зошто е третото читање, јас не можев да ја најдам смислата. Ако нема амандмани, тогаш зошто е третото читање. Што е целта на третото читање.

Значи, ако нема амандмани, ние не можеме да делуваме на она што е направено во второто читање со прифаќањето на амандманите.

Мислам дека има многу, многу решенија кои отвораат илјада дилеми, отвораат правни дилеми. Немојте наврат нанос да носиме деловник, немојте, сакајќи да ја замолчиме опозицијата, да си направиме голема штета. Немојте после да се најдеме во чудо невидено како ќе работиме.

За мене е многу важно строго да се дефинира кога се донесува закон по итна постапка, кога се донесува по скратена постапка. Овие одредби, за мене, не се добри. Овие одредби даваат можност повторно, иако законодавната постапка е пренесена во Собранието, на 90% предлагач ќе биде Владата, повторно ќе дадеме на мала врата Владата да предлага проекти, закони по скратена, по итна постапка каде навистина пратениците ќе немаат време да реагираат затоа што ги знаете роковите, препишани се истите како и во претходниот Деловник.

За ова треба сериозна дебата затоа ви велам не е време, не е тајминг сега да расправаме, ова не нуди добри решенија, мислам на оваа верзија. Еве, да сум пратеник од опозицијата ќе ја кажам истата дискусија, верувајте, затоа што сум правник и знам што ќе предизвика сето ова. Особено како поранешен претседател на Законодавно-правната комисија посебно сакам да се разработат главите кои се однесуваат на автентично толкување и на пречистен текст на законот.

Автетничното толкување е целосно одредбите од стариот Деловник. Не може цела глава за автентично толкување да се вгради во нов деловник каде постапката на донесување на закони тотално е сменета. Значи, не можат да важат одредбите. Ако законот со влегувањето во собраниска процедура е веќе дете на пратениците, така да се изразам, тогаш зошто Владата на барање за автентично толкување да дава мислење. Ние сме пишувачите на законот, ние сме творците на законот, ние го моделираме и ние треба да кажеме што сме мислеле да регулираме или што сме сакале да постигнеме со одредена одредба. Ова е уште еден доказ дека не се донесува деловник на брзина. Користете ги сите капацитети, сите тука сме дојдени со една цел да сработиме, а тоа што е политика ќе си го тераме секако со политички дебати, но еве, без политика, ви кажувам дека ова не е добро, треба да се откажете од ваквата идеа.

За постапката на утврдување на пречистени текстови, јас мислам дека ваквата постапка сега

не дава резултат заради која ја имаме. Знаете дека ние менуваме закони секојдневно, да не кажам како чорапи, секој ден се менува нешто. Законите се за граѓаните по нив да си ги остваруваат своите права. Ако на еден закон имате 20 измени во кои не може ни правник да се снајде, тогаш за граѓаните не станува збор. Затоа се овие пречистени текстови.

Но, пречистените текстови не се извор на правото, значи не можат да се повикуваат ни граѓаните ни оние кои најмногу ги применуваат, а тоа се судовите. Со пренумерацијата се губи смислата. Затоа треба поинаков начин да се утврди во деловникот и постапка на утврдување на пречистени текстови затоа што сега и постапката нема да одговара. Со стариот Деловник законодавната постапка е поинаква од новиот деловник. Еве пак набрзина нешто. Целта не е само да се скрати правото на говор на опозицијата, верувајте, не е добро сега во овој момент да се скратува правото на говор на опозицијата. Не.

Затоа уште еднаш предлагам овој деловник, ако продолжи вака, ќе биде само деловник на владеачката гарнитура. Овој деловник не ги одразува потребите, не може на сите, но на мнозинството пратеници. Овој деловник треба да ги изрази потребите на мнозинството, потрудете се да ги изрази потребите на мнозинстовото затоа што ќе не принудите да бараме, без политички дијалог, ништо нема. Со политички дијалог може една расправа која трае со денови да се сведе, сме го имале тоа искуство, и на еден ден.

Затоа не е проблемот во деловникот, проблемот е во нашите односи. Треба малку да поработиме на нашите односи. Работејќи на односите заедно да работиме на деловникот, но деловникот да отпочне да се применува од наредниот мандат за да не знаеме кој кого ќе замолчува, за да не ги знаеме позициите кој ќе биде на власт, а кој во опозиција. Тогаш таквиот деловник ќе ја гради демократијата во Република Македонија, таквиот деловник ќе ја јакне демократијата во Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Бидејќи овластениот предлагач ќе пристигне во секој момент, продолжуваме со работа.

Имаме реплики по однос на говорот на пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова.

Прв за реплика е господин пратеник Агим Рамадани.

Повелете, имате три минути.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам.

Ве поздравувам сите, посебно госпоѓата Цветанка Иванова, ја поздравувам и денес и честитам за тоа што доби една нова функција во Парламентот на Република Македонија, таа стана портпарол, изгледа на ДУИ и на ПДП, кои што денес не се присутни во Парламентот и таа најде за сходно да говори во нивно име. Според ова, слободно можам да заклучам дека ова присуство и оваа активност на оваа госпоѓа и на партијата која што ја застапува таа, или пак каде што таа е член, денес зазема улога на еден говорник, или портпарол на една партија која што беше во коалиција со нив во текот на изминатите 4 години. Ова не ме радува, затоа што таа кажа неколку невистини, со тоа што го зголеми карактерот на однесувањето, или на активноста на ДУИ, велејќи дека заедно во коалиција со нив имаат донесено многу значајни закони, многу големи закони, кои што за мене се многу дискриминирани закони. Таа го спомна Законот за знамето. Законот за знамето навистина беше донесен, меѓутоа, како беше донесен и како беше направена категоризацијата на начинот на употербата на знамето. Над 50%, над 20% и под 20%, нема право да го употребува знамето. Таа го спомна универзитетот, да, меѓутоа сакат универзитет, универзитет кој што куцаше, каде што наместо професори, педагози во мнозинство случаи таму беа вработени луѓе кои што слободно можеме да ги наречеме клептомани, или пак научници кои што знаат да крадат и кои што се криминалци. Тоа го видовме со резултатите од последната ревизија.

Што се однесува до самата локална самоуправа, исто така рековте дека заедно со нив ги имаат донесено законите за локалната самоуправа. Предложив, во текот на регистрирањето како пратеник, како можен кандидат да може да се изјасни на која националност и припаѓа. Јас денес можам да се изјаснам како Албанец, утре можат да се изјаснам како да сум од Марс, или дека можам да бидат Турчин, или пак можам да се изјаснам дека ја менувам и верата. Тоа е право на секој поединец и ние не можеме да принудиме никој да рече ова или она.

Што се однесува на минутите кои што се дадени во овој предлог-деловник, за човекот кој што има концепт, намера и задача и во врска со тоа што сака да каже за тие 10 минути, мислам дека се тие доволни. Меѓутоа, на начинот како дискутирате, тоа е неприфатливо. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе,

Мене многу ми е криво што не бев присутна во салата заради други парламентарни обврски и не можев во целост да ја слушнам репликата, но од она на крајот што можев да чујам дека доволно биле минутите за човек кој што знае да каже и концептот мој на говор каков бил, не би ми било многу повеќе потребно. Колега, во тој концепт јас многу суштински работи кажав и ако имаше

време, да не беше 14,00 часот, кога требаше да се објави пауза, имав уште цел час да зборувам за сериозни забелешки во Деловникот. Никој не може да ме спречи тоа да го кажам, затоа што тоа е во интерес на работењето на Парламентот и во интерес на сите нас.

**Иван Анастасовски:** Следен за реплика е пратеникот господин Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе се осврнам на два сегмента на излагањето на госпоѓа Цветанка Иванова, а тоа е нејзиното искажување за утврдувањето на правото на дебата на опозицијата и времетраењето на говорот. За тоа пред се, би сакал да поставам прашање, дали е демократски кога мнозинството ќе сака да го определи тајмингот за зборување на самата седница. Ќе се повикам на член 83 од сегашниот и постоечкиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија, кој кажува. На предлог на претседателот, или од еден пратеник чие барање го поддржуваат најмалку 10 пратеници, на почетокот на претресот по определено прашање, Собранието може да одлучува, пратеникот по истото прашање да може да говори само еднаш во времетраење од 10 минути. Координаторот на пратеничката група вели во времетраење од 15 минути. Тука сега би укажал само на тоа дека демократијата, како што кажавте дека се нарекува човек демократ, мислам дека кога почнуваме тајмингот е за сите ист. Во ова време мнозинството може да донесе и кога сака во смисла на точката која што смета дека треба да се разговара, помалку да се изгласа, затоа што во секој момент мнозинството ќе изгласа. Така да, повторно опозицијата ќе кажам, се става во пододредена состојба и влијание. Не ќе може да го спречи донесувањето на времето на говорењето или ограничувањето на говорењето. Почетокот, ќе напомнам уште еднаш, во скратувањето на говорењето и размислувањето по одредена тематика со новиот деловник кај сите е ист, без разлика дали е член на опозицијата, или позицијата. Затоа, сметам дека овој деловник кој што кажува дека 10-те минути на говорење ќе бидат за сите подеднакво, мислам дека е подеднакво демократско право сите да размислуваат и својот говор го вметнат во тие 10 минути, отколку кога ќе дојдеме на седница, или пред седница, или пред самата точка некој се спремал да даде поголем говор и мнозинството ќе каже не, ќе разговараме само по 10 или 15 минути.

Околу она што беше деловникот по точка 3, јас ќе кажам дека има нешто што се нарекува стекнато право, па таму може да се провери и да се види. Ова се провлекува од она што е Рамковен договор, ова се провлекува од претходните договори на СДСМ кога бил на власт. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Иванова, господине потпретседателе и да ви кажам да порачував некој да ми ги поставуваше овие реплики немаше да ми ги постави. И ви благодарам што ми ги поставивте. Значи, и сега во деловникот има основ за скратување на говорот. Ние по тој основ постапивме еднаш и тогаш вие се бунтувавте. И тогаш беше удар на демократијата, тогаш беше воведување на тоталитаризам и тогаш беше оневозможување на опозицијата да се искаже и т.н. Тогаш имавме разни транспаренти и разни дефилирања тука во Собранието. За причините зошто се дебатира. Знаеме, опозицијата дебатира за да ги изнесе своите ставови пред јавноста, а не за да ве убеди вас. Знаеме дека вие ќе си терате по ваше а за стекнати права, ние не работиме на стекнати права, работиме на Устав, а членот 10 на амандманот 10 е од Рамковниот договор, кој што и вие го потпишавте.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам ако го погрешив презимето.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеник господин Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе, би сакал дискусијата по точката за измени на Деловникот на Собранието на Република Македонија, да ја започнам и со една процедурална забелешка, која е во контекст и на она што е аргумент на владеачкото мнозинство за измена на Деловникот. Имено, скоро и да не паметиме во овие 6 месеци кога една седница на ова Собрание започнала на време или кога после една пауза седницата продолжила на време. Така беше и случајот после денешната пауза со доцнење повеќе од половина час, без никаква најава, без никакво оправдување. Значи, нека бидат и 20 минути, во ред. Сфатете ја процедуралната забелешка во контекст на ова што го говориме, а што е еден од врвните аргументи на владеачкото мнозинство зошто треба да се измени Деловникот. Тоа е ефикасноста на Собранието. Зарем со таков однос на првите луѓе на Собранието, пред се, тука мислам на претседателот и ако вие сега во моментот ја раководите седницата, зарем со таков однос Парламентот не се блокира, како што велите вие, односно зарем со таков неодговорен однос не се прави опструкција во работата на Парламентот. Или според вас само опозицијата е виновна, затоа што не можете како владеачко мнозинство да соберете кворум и да соберете 61 глас. Мислам дека во конкретниот случај денеска после паузата не требаше ни кворум, ни 61 глас, меѓутоа, не знам зошто никој не се појави да продолжи на време седницата. Ќе дојде на ред и интерпелацијата на претседателот на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Продолжете колега.

**Борис Кондарко:** Мислам дека е штетно за демократијата во Република Македонија, штетно за работата на ова Собрание што овој деловник, барем е прва фаза, не сакаме да прејудицираме. Меѓутоа, како што тргнале работите, по се

изгледа дека нема да има консензус, па дури ни компромис што е една пониска форма на обединување околу некои мислења и ставови овде во Собранието, што треба сите ние заедно да се избориме, за да направиме деловник, онаков каков што му доликува на Македонскиот парламент и на нас како пратеници, а не потоа да се повикуваме во зависност од тоа кој е на власт, кој е во опозиција дека не чини Деловникот, дека има маани, а кога имаме можност да ги смениме тие состојби, тогаш владеачкото мнозинство, односно пратениците од владеачкото мнозинство, кои се иницијатори на измените на Деловникот, тргнуваат од максималистички, односно позиции, со кои максимално се ограничуваат правата на опозицијата, со цел да се замолчи опозицијата.

Мислам дека, не само што нема консензус, затоа што сите се повикуваме дека Деловникот треба да биде збир на правила и принципи и стандарди, кои ќе важат подеднакво за сите. Значи, во старт никој да не биде оневозможен , никому да не му биде ускратено демократското право пред се, слободно да говори.

Во претходната расправа на пленарната седница на собраниските комисии од страна на предлагачите се изнаслушавме се и сешто, како аргументи што треба да се направат токму вакви измени на Деловникот. Моја забелешка е дека иако предлагачите се повикуваат на таа работна група која работела, составена од претставници од сите пратенички групи, сепак јас ќе го поставам прашањето зошто служела таа работна група и зошто предлагачите ја спомнуваат како алиби кога ниедна од забелешките на претставниците од опозицијата, кои биле присутни на таа работна група, до сега не е прифатено во оваа предлог фаза. Или зошто на пример ако предлагачите се толку конструктивни и се прикажуваат како толку големи демократи и загрижени за ефикасноста на работата на Парламентот, зошто во собраниските комисии, значи во официјалните тела, кога започнува официјалната процедура за измени на Деловникот не прифатија ниту една од забелешките, од дискусиите кои ги имавме ние како опозициони пратеници.

Затоа мислам дека целата оваа работа околу измените на Деловникот е всушност, една фарса, пред се, затскривајќи се зад наводната потреба за ефикасност. Мислам дека како и за се, овие 6 месеци што правеше актуелната власт со популизам, со маркетинг, со ветувања, а се уште нема перспектива или основ за верба во тоа и дека еден ден тоа навистина ќе биде реализирано, ова владеачко мнозинство и оваа Влада на таков начин сака да ги затвори сите вентили на опозицијата и да остане сама да владее со себе и со Република Македонија.

Мислам дека во Република Македонија граѓаните не заслужуваат на таков начин да бидат манипулирани. Слободно можам да кажам залажувани, затоа што ниедна идна влада, тоа важеше и за претходната влада, тоа е еден од најголемите аргументи за што и СДСМ ги изгуби изборите е дека доколку во иднина не се посвети ниедна влада на граѓаните да им овозможи подобар живот да имаат месечно 50 до 100 евра поголема плата на оние што работат, а на тие што не работат да им најде работа, сето ова ќе биде фарса и губење маркетиншки низ дневна политика, популизам на рејтингот. Значи, на сета таа приказна има крај и мислам дека ни на овој начин и ако сакате на мускули, на сила да и ги затворите устите на опозицијата, нема да може да се сокриеме од она што го правите или не го правите за граѓаните на Република Македонија.

Мислам дека победата на изборите не дава основ за ваков пристап арогантен, апсолутистички, пред се, во измената на правилата на работата на највисокиот Законодавен дом во Република Македонија. Уште е потрагично од она што го слушав од предлагачите на собраниските комисии, произлегува дека не само што се замолчува опозицијата во Парламентот, туку и се дава огромен простор на Владата да управува со Парламентот. Имено, беше кажано дека во образложението на Законодавно-правната комисија дека една од работите кои ја оправдуваат потребата од измена на Деловникот е дека Владата ќе можела подобро да ја реализира својата програма, замислете. Значи ова е нешто невидено. Ова е сосема спроти

вно на сите правила и принципи на нашето политичко правно уредување, уставно уредување во Република Македонија. Не може Парламентот да биде подреден на Владата. Не може Парламентот да биде заложник и извршител на политиката на Владата, туку обратно. Значи не можеме ние како пратеници за вас од владеачкото мнозинство, не знам, но ние сигурно не, да бидеме полтрони и извршители на желбите на Владата.

Нашата работа и нашата функција како опозиција и како пратеници, Парламентот не е дом на оној што победил на изборите, Парламентот е дом на сите што освоиле места во него на изборите. Значи, нашата работа е токму да се спротивставуваме за оние работи за кои сметаме дека се лоши потези, лоша политика на Владата. Овие уфрлања од место се уште еден манир на намерата на власта да го ограничи зборот на опозицијата. Оставете не слободно да говориме и слободно да размислуваме. Не можеме да се согласиме и јас сум свесен за тоа, меѓутоа морате да не сослушате. Ако не сакате, тогаш можете да излезете од салата. И, кога сме веќе кај ова, колегата со дофрлањето од место, ќе ви кажам уште еден пример како се однесуваат пратениците и како сакаат да ја насочат работата на собраниските тела и на пленарните седници преку измените на овој Деловник. На последната седница на Законодавно-правната комисија кога дебатиравме за измените на Деловникот и кога ние како пратеници земавме збор да ги кажеме нашите критики, оние работи со кои не се согласуваме, постојано на истиот овој начин

претседателката ни упаѓаше во збор со зборовите дека не може да не трпи, дека ние сме малтретирале некого, затоа што сме говореле. Па, зарем очекувате да ве поддржиме за некои работи. Значи, нашата работа е да говориме. Никого не сме навределе, не сме го нарушиле достоинството на овој парламент, меѓутоа морате да се соочите и морате да истрпите поинакво мислење. Тоа е суштината на парламентарната дебата. Јас се согласувам, можеби ние вас не можеме да ве убедиме и вие нас исто, меѓутоа, тука сме пред се да ги убедуваме граѓаните да го чујат нашиот глас и тие да проценат што е подобро за нив, кој за што се залага и која политика каде ја води Република Македонија. Се разбира, доколку и не одите чекор понатаму, покрај скратувањето на дискусиите да ги укинете и телевизиските преноси на ова Собрание.

Понатаму, беше говорено дека Деловникот е мал Устав или дека е тоа Устав во рамките на Собранието. Ако навистина и тоа го говореа пратениците од владеачкото мнозинство, ако е тоа така, и прифаќам дека е така, тогаш не може на сила и со 61 глас, а без поширока поддршка од опозицијата да се пристапи кон донесување на нов или измени на Деловникот. Значи, многу е лошо и ова владеачко мнозинство и оваа Влада, која како извршна власт сака да се меша во работата на Собранието, во старт ќе има сериозен непремостив хендикеп ако со само 61 глас го донесе овој Деловник. Значи, ако ја правиме компарацијата со Уставот, тогаш знаеме дека Уставот се носи со 2/3 мнозинство. Добро, за демократијата е да има што поголемо мнозинство при носењето на овој деловник . Мислам дека пристапот на власта воопшто не е таков и нема намера да ги артикулира, да ги проучи, да ги одразмисли, да ги имплементира мислењата, предлозите и сугестиите на опозицијата. Како прилог, како доказ на овој факт е дека во претходната расправа на таа работна група каде што имаше претставници на опозицијата, досега ништо не е прифатено од комисиите.

Понатаму, во прилог на аргументите на власта во Собраниските комисии беа кажани дури и зборовите дека со овој Деловник се води сметка да се даде можност на секој пратеник да се искаже или да се изрази. Па, зарем, колеги, треба да ви бидеме благодарарни дека и толку на лажичка ќе ни дадете во секунди или во милисекунди можност да говориме. Мислам дека навистина е еден крајно некоректен, неколегијален, да не речам недемокртски пристап таквото тврдење и таквото образложение на пратениците од власта. Мислам дека на ваков начин не можеме да ја градиме довербата, можеме да го градиме дијалогот кога една основна компонента на дијалогот е пред се, дебатата на парламентот. Ако ние сакаме да ја ограничиме дебатата во парламентот, а власта, Владата и премиерот постојано не упатува на парламентот дека тоа е место за дијалог, сега и тоа место за дијалог ќе го изгубиме. Инаку, кај кого одат негативните поени. Не е целта како што некој вчера говореше некој некого да кодоши. Целта е да направиме нешто што ќе биде подобро за демократскиот капацитет на институциите на Република Македонија. Една од најважните институции во Република Македонија е Парламентот. Иако, Владата со разно-разни упади сака да ја диктира неговата работа, што е против уставно.

Понатаму, во дискусиите исто така на собраниските комисии беше кажано дека не треба ние како опозиција премногу да очекуваме, па дури и да нема можност за консензус. Значи, ако така во старт ни се кажува, што можеме да очекуваме дека оваа дебата ќе даде некој резултат или поместување напред кон некое усогласување на ставовите во Деловникот. Ако во старт вие сте решиле и ни кажувате дека не треба многу да очекуваме, тогаш можете сами да си ја завршиме работата. Меѓутоа, тоа не е добро, тоа ќе се врати како бумеранг. Тоа ќе не кошта сите заедно, без разлика што сме опозиција, без разлика што ние ве критикуваме мислите дека со тоа ве кодошиме. Ние сме опозиција, ние сме различни политички партии. Тоа е суштината на демократијата. За некои работи ќе ви дадеме поддршка и сме дискутирале афирмативно за некои закони. Меѓутоа, не можете да очекувате дека ние како СДСМ, како опозоција ќе работиме за Владата на Република Македонија. Ние, пред се, работиме за граѓаните на Република Македонија и второ работиме за нашата политичка партија, во сллучајот СДСМ. Не можеме да работиме за ВМРО ДПМНЕ. Или, можеби утре, ќе направите таква рестрикција и во Законот за политички партии да не постои опозиција, па ќе имаме еднопартиски парламент. Мислам, до таа крајност, ако вака продолжиме многу лесно може да забегаат работите и полека Република Македонија да наликува на една диктаторска или апсолутистичка држава во која владее само една партија. Со силата на парламентарното мнозинство.

Понатаму, ни беше кажано и тоа токму од петседателката на Законодавно-правната комисија кога го критикувавме овој предлог на Деловникот дека не треба до толку да бидеме критични, па и не треба сега да ги бараме мааните или дупките, како што кажа убаво Предлогот на Деловникот. Тогаш, не знам што треба. Или треба да замижиме и да ви речеме браво, колку убава работа сте завршиле, браво за вас како ви текнало вакво нешто дека од утре на опозоцијата ќе и ја затворите устата, ќе не може да говори, помалку ќе ве критикува и вие ќе имате повисок рејтинг ако помалку ве критикува опозицијата. Ако помалку ве критикува опозицијата, тука се граѓаните, тука се медиумите, така што не е таа доверба и тој рејтинг еднаш за секогаш дадена. Тестот пред граѓаните се полага секој ден. И, ние како опозиција, меѓутоа и вие како власт многу повеќе, затоа што кај вас е одговорноста за оваа држава.

Мислам дека на таков начин само Парламентот ќе се затвори во себе. Знаете, онаа приказна народна ќе си велите како пратеници од владеачкото мнозинство, царот не е гол. Или, како онаа асоцијација со нојот со главата во песок. Мислам дека тоа нема ни вас да ви користи. Ако ви е намерата со скратувањето на дискусиите на само 10 минути, а што помалку говорат пратениците од опозицијата и така ќе постигнете ефикасност и така ќе ги протурката побрзо законите, а притоа не водејќи сметка за суштината, содржината на тие закони и притоа вие како пратеници од владеачкото мнозинство ги премолчувате тие седници, само да помине побрзо, мислам дека не сте ја постигнале целата. Не е тоа суштината на работата и целта на работата на парламентот. Мислам дека основна работа нас на сите, не како опозиција, овде треба да ги соочуваме аргументите, треба да се убедуваме со факти пред граѓаните. Значи, основно задолжение на сите нас пратеници е ние да говориме.Е, сега, ако удриме по тоа основно право, тогаш во што ќе го претвориме Парламентот ако не во инструмент на Владата. Мислам дека квалитетот и ефикасноста на работата на Собранието не може да се огледа само по бројот на законите кои треба да се донесат или за кои Владата предвидела своја Агенда и зацртала дека тие и тие закони мора да се донесат, без разлика на политичката цена што треба да се плати, само затоа што Владата мислела дека тоа е добро. Дозволете, во Парламентот затоа има и пратеници од други партии да искажат и малку поинакво мислење од Владата. Некогаш Владата може да го прифати, но и не мора да го прифати. Меѓутоа, должност е тоа да го чујат сите граѓани на Република Македонија. Значи, суштината е во квалитетот на дебатата, не во бројот на законите кои треба да се донесат. Како пример ќе го наведам со овој сегашен Деловник како функционираше претходниот состав на Парламентот. Со сета жестина на дебата и силина на дебата која се одвиваше за многу точки на дневниот ред, претходниот состав на Парламентот факт е дека немаше и го заврши мандатот со ниту една незавршена седница. Овој состав на парламентот под раководство на ова Парламентрно мнозинство веќе за шест месеци има околу осум незавршени седници. Дури шпекулациите одат до таму да помислуваме се и сешто дека намерно тоа е стратегија на Владата и на мнозинството така да ја менаџира работата на Собранието, да се направи поголема збрка во работата и да не се знае која седница е почната, која е довршена. Потпретседателе, ве молам да ми обезбедите услови за работа, затоа што јас токму за дневниот ред разговарам.

**Иван Анастасовски:** Имате услови за работа и обидувајте се да се држите до потребата дали е потребно да имаме нов деловник или не.

**Борис Кондарко:** Јас зборувам токму за работата на Собранието и ја компарирам работата на Собранието. Сега, ако вие и при оваа дебата наоѓате дека сум надвор од дневниот ред, јас ќе ви кажам дека навистина вие сакате на еден тоталитарен начин да ја замолчите опозицијата. Не треба мене да ми кажете да се држам до дневниот ред, јас зборувам по дневниот ред. Треба да го опомените пратеникот кој неколку пати дофрлува од место.

**Иван Анастасовски:** Јас пратеникот го опоменав, а вас само ви реков да видиме дали имаме потреба од носење на нов Деловник или не. Апсолутно не ве замолчувам и ве оставам да говорите колку сакате.

Повелете.

**Борис Кондарко:** Значи, се создава впечаток дека оваа власт намипулира со работата на Парламентот преку начинот на кој се менаџираат закажувањето, менаџирањето, одржувањето, прекинувањето, продолженијата на седниците. Мислам дека на тој начин извршната власт во дневната политика сака да создаде своевидно алиби и да ја прекине и да ја префрли целата вина на пратениците и на Парламентот. Па, дури и на некој начин да ги жртвува сопствените пратеници од сопственото парламентарно мнозинство, бидејќи припаѓаат на овој заеднички парламент, дека Парламентот е неефикасен, дека Парламентот е блокиран и за тоа ја обвинува опозицијата. Го поставувам прашањето, како можеше претходниот Парламент да нема ниту една заостаната седница и така да го заврши мандатот, притоа со над донесени 1000 акти и закони, а овој парламент за шест месеци да има повеќе од осум незавршени седници и пратениците да не занаат кој ден на која седница доаѓаат, која седница ќе биде прекината, која седница ќе биде продолжена. Или која точка ќе биде вметната на самата седница по предлог на Владата. Е, сега, тоа во новиот Деловник ќе го нема. Владата штом ќе го достави и тоа е една од подобрите работи во Деловникот, штом ќе го достави законот во Собранието, тука престануваат нивните ингеренции. И, кога веќе сме тука, ќе се осврнам на мислењето кое вчера го достави Владата, по повод текстот, поповод донесувањето на овој Деловник. Имено, иако формално правно или процедурално согласно Деловникот Владата има право да достави мислење па и за оваа точка, мислам дека е крајно дегутантно, крајно неморално и понижувачко за Парламентот кога Владата дури, не само преку премиерот, не само преку други нејзини претставници од извршната власт дневно политички се меша во работата на Собранието, затоа што таа диктира кога ќе се смени Деловникот, таа диктира како ќе се зголеми работата на ефикасноста на Собранието, дури сега еве и писмено, со потпис на вицепремиерот Зоран Ставрески ни доставува мислење и замислете во вториот став од мислењето, каде што Владата го поддржува предлогот за нов Деловник на Собранието и притоа укажува на потребата одделни одредби да се дополнат и да

се прецизираат. Која е Владата, ве молам, да укажува како треба да изгледа Деловникот на Собранието. Мислам дека ова е една крајна хипокризија, една ситуација кога Владата навистина апсолутистички и диктаторски настапува. Не можам да најдам други зборови како може Владата да се дрзне и тоа писмено на Парламентот, онака како што се поставени институциите во политичкиот систем и во Уставот на Република Македонија, Владата да си го земе правото и да укажува каков треба да биде Деловникот на Собранието. Во ред, ние како пратеници кои ја избираме Владата да направиме наше мислење и да и укажеме на Владата нешто како треба да работи или како треба да ги држи своите седници. Се разбира, ние тоа не го првиме, ниту имаме намера тоа да го правиме, иако според хиерархијата, хиерархиската субординираност на институциите можеби и би требало и би можело. Владата е извршен орган. Собранието е законодавен орган. Притоа, во содржината на ова писмено мислење од Владата реагира на членот 147 каде е пропишано дека Предлогот кој произлегува од предлагачот како Влада кој ќе го достави до Собранието понатаму не е вклучен предлагачот, значи Владата во постапката, во процедурата со свои мислења и предлози и Владата тука се наоѓа запоставена и хендикепирана. Ова можеби е единствената одредба со која се покажува кој е кој и институционално во политичкиот и уставниот систем на Република Македонија. Нема што повеќе Владата да бара откако ќе го достави предлогот во Собранието. Владата има обврска, има шанса и можност да размислува кога го подготвува законот. И, ако Владата подготвува квалитетни закони, тогаш ќе биде изложена и на помалку критики од опозицијата, бидејќи тоа и е главната цел со ограничувањето на дискусиите.

Затоа, не можете да тврдите дека е аргумент, со намалувањето на дискусиите, ќе се зголеми ефикасноста. Ќе мислите дека се зголемила ефикасноста, меѓутоа, содржината на законите е нешто што е многу посуштинско за работата на овој Парламент. Ефикасноста на Парламентот не се огледа само од бројот на внесените закни. Значи ефикасноста треба да ја расчлениме најмалку на два елементи. Едно е менаџирањето од страна на претседателот на Собранието и мнозинството во Парламентот, на седниците, текот на седниците, организацијата и сето тоа што е потребно околу одржувањето на седниците и вториот дел е што всушност предлага Владата, бидејќи Владата е главен предлагач на закони, која е суштината и квалитетот на законите што ги предлага Владата. Сигурно дека нема да мислите дека опозицијата како опозиција ќе даде, и покрај неопходноста од дијалог за кој постојано ви се укажува и покрај неопходноста од консензус за некои важни закони кои се од заеднички или државен интерес за Република Македонија каде и опозицијата нужно треба да покаже конструктивност, но и власта од своја страна, одредена апсорбциона моќ за демократичност и за ширина, за прифаќање на критиките од опозицијата. Зарем мислите дека во останатите ситуации опозицијата бланко ќе ви даде поддршка. Во името на што? Реков ние не работиме за Владата на Република Македонија. Ние работиме за граѓаните и работиме за нашите политички партии. Значи не може со ограничувањето на дискусиите да се оди во крајност.

Ако сега кога сте власт, после 5 јули, се повикувате, дека не постои парламент во Светот каде што нема какви такви ограничувања, па и во дискусиите. Друго говоревте кога бевте опозиција. Сетете се како се реагираше кога само за една точка се ограничи дискусијата, а не за четири години. Се ограничи дискусијата по повод донесувањето на буџетот во 2004 година. Тогаш овде се случуваше се освен парламент. Имаше драма, имаше глумење, кочење. Не е тука претседателот на Собранието, се чудам како тоа сценарио не го искористил за режирање на некоја своја претстава, како работи Парламентот кога ВМРО-ДПМНЕ е опозиција. Значи не можете вината за тоа да ја префрлате сега на опозицијата затоа што сега сте власт, а кога сте биле опозиција, сте говореле поинаку и во зависност од тоа со различни аршини и со различни аргументи да си ги прилагодувате аргументите, дневно политички, како вас ви одговара. Значи сметам дека говорот, повторно ќе кажам не е тука претседателот, мислам дека за многу други работи се согласуваме, бидејќи навистина со неговиот демократски капацитет ги прифаќа некогаш и забелешките на опозицијата, што е коректно од негова страна.

Мислам дека и овој пат би се согласил дека говорот во Парламентот не само што ни е основна работа, туку е и врвот или симболот за демократијата. Ако на таков начин од крајност во крајност се ограничуваме, мислам дека сме односно сте контрадикторни самите на себе, бидејќи кога ви одговара, кога заради политички поени и маркетинг се осеќате дека сте жртви или обесправени во опозицијата, секогаш се повикувате на демократијата, па дури се носат и транспаренти овде, од типот "Среќна нова 49" кога се носеше буџетот во 2004 година. Значи не може со таквото алиби за наводна неефикасност и блокада на Парламентот, да се ограничува демократијата. Тогаш вие говоревте за дозирана демократија, за замолчување на демократијата, за укинување на правата на опозицијата. Тогаш вие говоревте тоа и сега кои се аргументите, што се сменило од тогаш до сега, што се сменило. Или можеме поинаку да го поставиме прашањето кога ја говоревте вистината, тогаш или сега. Не може на таков начин да манипулирате со граѓаните и да ја обвинувате опозицијата затоа што си го остварува своето демократско право на говор.

На крајот, сакам да завршам со она што, исто така покрај ограничувањето на дискусиите од 10 минути, е уште една силна и груба елиминација

на правата на пратениците. Мислам дека тоа ќе го почувствуваат сите пратеници, не само пратениците од опозицијата, затоа што се опозиција, затоа што тие правила ќе важат подеднакво за сите, освен ако намерата не ви е да премолчите некои закони, опозицијата за 10 минути да си каже и да се протурка законот. Верувам дека како пратеници ви е предизвик да влезете во дуел, демократски дуел со опозицијата и да ги спротивставиме дискусиите и аргументите. Значи не може за една минута да биде правото за пријавување за одредена точка на дневен ред и после тоа пратеникот да нема никакво право да говори, или ако евентуално е пријавен, а притоа од било кои службени и оправдани причини во моментот не биде во салата, што не е обврска по Деловникот, да го изгуби правото на спор по одредена точка на дневен ред и да не може после повторно да се пријави. Значи со оваа одредба и самите се ограничувате и мислам дека сакајќи да ја загушите опозицијата, всушност ја загушувате демократијата во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Кој од пријавените е за реплика?

Три минути реплика за пратеникот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Јас сакам да дадам една конструктивна реплика на колегата.

Мислам дека дел од забелешките држат и треба да се разгледуваат и затоа добро е што деловникот оди во две фази и мислам дека во натамошниот период треба сериозно да ги видиме, да поразговараме, да се анализираат, да се споредат и веројатно да станат дел од деловникот. Се согласувам дека потребно е да добие што поголема поддршка деловникот затоа што тоа треба да биде деловник кој ќе трае повеќе од четири години и веројатно деловник по кој ќе работи и некоја идна влада на СДСМ, а во тој случај ВМРО-ДПМНЕ би била опозиција.

Она со што не можам апсолутно да се согласам е по однос на таканареченото кодошење односно по однос на она што го кажа колегата и јас се согласувам дека СДСМ не може да го поддржува ВМРО-ДПМНЕ, како што и ВМРО-ДПМНЕ не може со своите ставови да го поддржува СДСМ заради тоа што во тој случај би имале еднопартиски систем што е катастрофално за државата. Но, она што е факт и она што е вистина е дека првиот човек на државата односно писателот на државата и таму беше нашата реакција, отиде во Брисел со највисоките претставници на Европската унија да зборува не за државата, не за тоа како државата да влезе во НАТО и во Европска унија, туку искористи момент буквално да ја накодоши Владата и да даде една лажна слика за Владата и на тој начин да покаже дека претседателот на државата Бранко Црвенковски би бил можеби најсреќен кога оваа држава не би влегла во НАТО, би бил најсреќен кога вгодина ние не би добиле покана за членство во НАТО заради тоа што само на тој начин може да преживее и д остане на власт во наредниот период.

Мило ми е што оваа реплика ја споделувам со господинот Кондарко заради тоа што и тој е еден од луѓето што се борат против овој начин на претставување на Република Македонија заради тоа што наместо да се бориме за државните интереси, ние се бориме за личните интереси. На претседателот Трајковски такви работи не му се случуваа ниту во моментот кога беше најоспоруван и од власта и од опозицијата. За жал, на сегашниот претседател му се случува да користи, да оди во Брисел само за да ја напаѓа Владата.

**Владо Бучковски:** Не е коректно да се зборува за луѓе кои не се присутни овде.

**Иван Анастасовски:** И претседателот на Собранието го спомнвуаа, а тој исто така не е присутен во салата.

Една минута контра реплика за пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кодарко:** Навистина, само што сакав да го пофалам колегата Александар Николовски дека конечно ова е вистинскиот начин како треба да дебатираме, да се однесуваме и да се почитуваме меѓу себе, без разлика што сме од различни политички партии и со различни убедувања.

Јас ја прифаќам подадената рака, ако е тоа сигналот, или симбол дека се однесува на пристапот на целото мнозинство, како предлагачи за овој деловник, да работиме на оние работи кои можеме да ги усогласиме. Меѓутоа, во останатиот дел, во последниот дел од репликата пратеникот се оддалечи од темата и мислам дека немам за што да коментирам во однос на тоа, бидејќи и не беше дел од дискусијата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Почитувани колеги, јас добив доем дека многумина од нас пратениците сметаме, ако долго време зборуваме и ако ја држиме опседната говорницата дека навистина многу повеќе кажуваме отколку што би можеле, за конкретна тема да кажеме за 10 или 15 минути. Но, тука сме сите за да се слушаме и тогаш кога одиме надвор од темата и дискутираме за работи кои не се на дневен ред. Мислењата на другиот треба да ги почитуваме, исто како и своето мислење. Добро е ние тука во овој парламентарен дом да ги решаваме работите, а не како што ни се случува да бараме надвор од Парламентот, со политички дијалози, со посредници, да носиме решенија кои после тоа ги пренесуваме овде во Домот и ние пратениците да се претвараме само во гласачко тело.

Мислам дека политичките договори во Република Македонија, после 2001 година, посебно после донесувањето на Рамковниот договор кој е чист и

само политички договор, се резултат на отстапките што се прават од страна на етничките Македонци, на нивна штета, а под притисок, закана и уцена на Албанците, преку нивните политички партии, било да се тие во власта или во опозицијата. Велам заедно затоа што тие имаат своја политичка идеја која ја спроведуваат, а за жал ние Македонците немаме. Затоа понекогаш, кога говорам како правник дека Рамковниот договор е невалиден, се базирам на тоа, но и како човек кој при договарањето претендира на принципиелност, на волјата, на правичноста за двете страни. Тоа го велам за да кажам дека држава со отстапки не се гради. Држава со отстапки само се разградува. Но, за жал, оваа Влада е затечена од етноцентричната политика во Македонија која ја доби како подарок од претходната власт, со отсуство на стратешка, национална државна политика во поглед на иднината на Македонија и за жал, со длабок рез во неединството на самите нас Македонци.

Денес во Парламентот, повторно преку деловникот слушаме за политички договор кој е постигнат надвор од овој собраниски дом, по однос на проширувањето на употребата на албанскиот јазик во Собранието на Република Македонија. Значи, од претходната власт добивме едно политичко наследство, кое треба да го разрешиме ние, во кое кревањето на албанскиот етнос е на ниво на приоритетна задача на државата, за заштита на колективните права, а не на субјективните односно на граѓанинот од кој произлегува суверенитетот и за кој е суверенитетот, според Уставот што важи во Република Македонија. Јас во оваа смисла имам неколку забелеки што ќе се обидам да ги искажам и сметам дека се тие недостаток на овој деловник.

Пред тоа ќе кажам дека во Уставот на Република Македонија стои дека македонскиот јазик и македонското кирилично писмо се службен јазик во државата. Кога не би било така, како што слушаме од говорница дека во Уставот е поинаку, зошто тогаш во член 3, став 1 од Предлог-деловникот стои, во рботата на Собранието службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

Сакам да кажам и тоа дека државата Република Македонија е унитарна држава. Јазикот, службениот или државниот јазик е еден од основните белези на организационата поставеност на државата. Иако е унитарна државата, често имавме прилика тука да слушаме од пратеници Албанци, кои во своите дискусии наведуваа, а ние премолчувавме, зошто и Македонија не би била иста како и Белгија или Швајцарија, во поглед на употребата, се разбира за јазикот зборувам, а притоа никој од нив не сака да знае дека и во Белгија и во Швајцарија имаме поинакво уставно уредување. Сепак, дилемите се големи и би можеле навистина да расправаме со денови, но мое е јас да кажам и да барам ние отворено да ги решаваме работите, отворено да се решаваат барањата, тука во овој Парламент, за да можеме да разговараме со нив, се разбира, со еден одговор, дали воопшто барањата на Албанците ќе имаат крај и кој е тој крај по однос на последиците на државната поставеност на Република Македонија, а секако и за етничките Македонци во неа. Пристојно е да седнеме, отворено и секој со своите аргументи, да ги расчистиме овие дилеми затоа што имам доем дека талогот кој ние го наследивме од претходната власт, само го наголемуваме, повеќе го бетонираме, а во никој случај не го расчистуваме. Притоа сакам да кажам дека со деловникот, обидот да се прошири, како што вели таму употребата на албанскиот јазик во Собранието, говорам како правник, не е ништо друго туку вовед на албанскиот јазик во Законодавниот дом. Притоа, сакам да кажам, Собранието не е локална самоуправа, Собранието е прва од институциите во државата која работи врз основа на Уставот и законите и која е должна да ги штити и Уставот и законите. Тоа го велам за да кажам, со деловник, фактички прирачник со кој ние работиме овде, начинот на нашето работење, не може да се воведе односно како што стои во Предлогот, да се прочири употребата на еден јазик. За да се направи тоа нешто, а не треба тоа да биде дилема тука во овј Законодавен дом, треба да се донесе закон за јазиците. Откако ќе се донесе закон за јазиците, евентуално ако има потреба, тогаш да се менува Уставот, но почитувани колеги, не да се менува Уставот како што се промени со Рамковниот договор. Има начин кој треба да се спази кога се менува Уставот.

И сега, исто така ќе кажам дека ние одамна сме навикнале прво да ги поставуваме работите, фактички да ги применуваме, а потоа по однос на нив и законски да се изјаснуваме и да ги озаконуваме со еден изговор, па велиме тоа веќе постои, па дај да го озакониме. Тоа во правна држава и совесни пратеници во еден законодавен дом, не го прават.

Конкретно, член 3, го прочитав првиот став каде што вели: во работата на Собранието службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Нели ви се чини дека став 1 се коси со став 2 од истиот член каде што стои: пратеник кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија може на седница на Собранието и на седница на работното тело да зборува на тој јазик. До тука не. Ова беше одамна во нашата пракса и секој може да зборува кој ќе се јави во овој собраниски дом и од надвор, на својот јазик. Но, другиот дел од овој став 2 вели: како и да раководи со седниците на работното тело. Ова е веќе нешто друго, квалитетно различно има квалитетна правна разлика меѓу двата термини, “да се зборува” и “да се раководи”. Затоа што раководењето зазема командна позиција, затоа што раководењето има и голема симболика во себе, затоа што раководењето Македонецот и другите што не се

Албанци во една работна комисија од седнувањето, почнувањето на седниците ќе ги натера да работат со слушалки на ушите, да примаат, така да речам наредби, или пак смерници за својата работа, тогаш јас би се чувствувала како да сум во некоја друга држава, а не во Македонија. Апропо тоа ќе кажам, ако може претседател на комисија во Собрание да го легализира албанскиот јазик и да води комисиска седница на албански јазик каде што се претпочитува дека тука треба да биде и албанското писмо. Ве молам, нема јазик без писмо. Зошто тогаш да не може, еве иден претседател ќе имаме на Собрание Албанец, сега имаме потпретседател, зошто да не може и тој да говори. Која е разликата во тој што претседава со комисија, води комисиска расправа и тој што тука ја води седницата во Собранието. Мислам не е убаво размислено кога иако не е наведена таа забрана, меѓутоа бидејќи е ограничено само за комисиите, се претпоставува за тоа. Како добивме ние во комисиите Албанец да претседава на албански јазик? Со чукање, со присилби. Кој вели дека утре може да ги спречи истото да го чинат и за да долу тука во Собранието да ја раководат седницата на албански јазик. Јас лично, ако и се даде право во комисијата да може претседател на комисија да раководи на албански јазик и да го воспостави и да го легализира и албанското писмо, јас сум за тоа да им се даде и тука во Собранието. Што менува од еден спрат горе тука подолу? И не е само тоа. Зошто да не може еден министер тогаш на колегиум кој што е Албанец колегиумот да го води на албански јазик? Зошто да не може еден претседател на суд истото да го чини, зошто да не може еден директор на гимназија, зошто да не може во полицијата, зошто да не може во Армија. Не е тоа развластување на државата, не е развластување само ако им дадеме командна позиција во полиција и во одбрана. Но, сакам да кажам дека дилемата моја е во друго. Дали ние со воведувањето вака незаконски и тоа за штета голема токму во Собранието на паралелната потреба на албанскиот јазик не одиме до таму како сите работи што ги премолчуваме и озаконуваме, со воведувањето на партнерството на јазиците, Албанците бараат албанскиот јазик да биде на цела територија на Република Македонија. Тоа е работа за дискусија зошто тоа го бараат. Тие имаат свое оправдување, имаат свои аргументи и би требало за тоа да разговараме. Но, дали сето тоа не води кон двонационална држава. Зошто го велам ова? Јас имам основана причина да се плашам за сето тоа. Работите така ескалираат надолу. Ако имаме ние двојазична држава малку по малку како што ја поставуваме, а јазикот е обележјето на државноста, на конструкцијата на државата. Како ние тогаш кога веќе не сме народ, од Уставот се исфрливме, не сме конститутивен народ на државата и како што со право велат колегите: ние сме една од етничките заедници, многуте што ги има во Македонија. Ако го исфрлиме и јазикот ние, односно ако го поделиме и јазикот, што е тогаш двонационална држава. Се прашувам, дали Македонија има тело за нова абразија, ве молам? Зошто ни е нас тогаш борбата за името да се вика оваа земја Македонија. И што мислите, зошто 15 години се провлекува тој проблем и не се решава. Зошто Франција се вика Франција, дали по Алжирците што се дојдени, или по Французите кои што се конститутивен народ на таа држава. И утре ние со кое право како етничка заедница безимена во оваа земја која што јазикот го маргинализиравме сами, да бараме ние оваа земја да го носи името Македонија. Ние Македонците сме плиткоумни. Сега ова јас што го говорам, не сум албанофоб, ова што јас го говорам не сум патриот, ниту јас барам рејтинг било каде. Се прашувам, зошто една Академија на науки не се јавува, молчи како некој бастион од среден век, а е заинтересирана само да работи каде што не знам што имаат интерес. Зошто една Катедра за македонски јазик која што ја има и таму и ваму, не се јави да каже, што се случува со македонскиот јазик во Македонија, што се случува со инвазијата на еден друг јазик на штета на македонскиот народ, на штета на македонската држава, на штета на македонската нација. Овие дилеми ќе останат. Се надевам дека отворено ќе разговараме за нив и отворено ќе ги решиме работите.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеникот Фљора Кадриу. Повелете.

**Фљора Кадриу:** Ви благодарам.

Ќе се обратам на македонски јазик, затоа што реплицирам на почитуваната колешка и би сакала подобро да ме разбере. Јас сум вчудоневидена од ваквите излагања на колегите, како на колешката Јагнула, исто така и од вчерашните излагања кога се работи за употребата на албанскиот јазик во Собранието на Република Македонија. Велам, вчудоневидена, затоа што овие говори ако се употребуваа во 90-тите години можеби би рекла дека тогаш се играше на карта на националистичка база. Меѓутоа, денес кога сите знаеме дека Владата на Република Македонија и граЃаните на Република Македонија се ангажираат максимално, имаат голема амбиција за нивно зачленување во евроатлантските структури во НАТО и во Европа, да се употребуваат токму вакви говори во Собранието на Република Македонија. Сите знаеме дека надворешните фактори имаат тенденција за почитување на сите договори, почитување токму на принципите на Копенхаген, на петте принципи од кои што едниот е почитување на правата и слободите на народите во земјите каде што живеат. Исто така, почитување на Договорот од Стразбург, почитување на Охридскиот договор кој што е основна обврска на Република Македонија. Додека госпоѓата Јагнула Куновска вели дека тоа е еден невалиден документ. Ве молам, од меѓународниот фактор се вели: почитување на правата на етничките заедници. Доколку вие не

ги почитувате правата на Албанците кои што се 25% во Република Македонија, што ќе остане за другите припадници на помалите етнички заедници. И дали е за вас во ред работните тела на Собранието не можат добро да функционираат заради тоа што имате претседатели на комисии на кои што не им е дозволено да говорат на нивниот мајчин јазик. Мислам дека нефункционирањето на работните тела само ја успорува и ефективноста на работата на самото Собрание. Мислам дека е потребно да се размислува во оваа димензија, затоа што соживотот не може да се базира и да се подобри да се зајакне и зацврсти доколку се оспоруваат правата на другите.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска. Повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани пратеници, по расправата по Предлогот за донесување деловник на Собранието на Република Македонија уште еднаш ќе ги покаже сите недостатоци кои што еве веќе пет месеци, шест месеци се констатираат овде во Парламентот. Но, за жал, не се направи ништо да ги надминеме тие состојби. Мислам дека сите ние како пратеници би биле позадоволни, ако навистина имаме дефинирано приоритети по кои ќе работи ова Собрание и секако би биле задоволни ако успееме тие приоритети што сме ги зацртале заедно и да ги реализираме. Во недостатокот на такви приоритети навистина се соочуваме со она што сега го имаме како реалност, независно од тоа дали имаме формално повикување за тоа дали нешто е приоритет, или не е приоритет. Јас сметам дека навистина ова е значајно прашање, бидејќи на крајот на краиштата се се сведува на ова и успехот и неуспехот зависи од начинот на кој што ги дефинираме нашите активности. По најразлични точки, значи на дневенр ред на Собранието, не само по денешнава, ние слушаме за тоа кои се приоритетите на Република Македонија, но никако да дојдат на дневен ред. Знаеме сите и претходната Влада, оваа Влада кажа дека ќе ги продолжи во рамките на континуитетот сите активности претходно започнати што значат НАТО интеграција, евро интеграција и секако со ставање на едно значајно внимание на прашањата на економијата. Но, ништо од тоа не доаѓа на дневниот ред. И навистина не знам по кој пат се наметнува прашањето. Дали тоа што функционираме на овој начин каде што главните точки се некаде во долниот дел на дневниот ред, или пак не успеваме да ги решиме е резултат на лошото менаџирање во Парламентот, или пак се работи за недостатоци кои што се од формална природа како што се на пример недостатоците на деловникот. Одговорот не е едноставен, навистина треба комплексно да се одговори, а секако голема е улогата и значењето кој од која страна ги анализира овие прашања за да дојдеме до вистината. И затоа може и ние овде во дискусиите да се препознаеме во зависност од нашето лично искуство како вршители на функцијата пратеник во сегашниот, или претходниот состав итн. Колегите што биле во извршната, а и во законодавната власт и претходно можат да направат споредби како функционирал Парламентот претходно, што постигнал Парламентот, но исто така, има и колеги на кои што ова им е прв пат да имаат функција во законодавниот дом, или пак и во извршната власт и што се фаќаат на јадецот дури и на својата партија, па грешките не ги бараат на други места, туку ги бараат грешките во деловникот, бидејќи мислам дека тоа е наједноставниот начин некаде да лоцирате проблем, ако го фокусирате исклучиво на некоја правна рамка која што лесно би можело посебно кога имате мнозинство во Парламентот, да се надмине. Затоа апелирам до вас колеги, посебно од мнозинството да погледнете пошироко и да не дозволиме македонската јавност да ја доведуваме во заблуда.

Јас нема да ги споменувам претходните искуства, сето тоа што го направи Парламентот претходно, тоа е познато на македонската јавност. Но, ќе спомenam дека менаџирањето на процесот игра многу важна улога. Но, во овој случај сега немаме приоритети, точките се поставуваат без ред, без најава, нема да ги набројувам сите оние работи што ни се случуваат. Но, сметам дека тоа не води во лоша насока. Сваќањето на власта за тоа што е демократија, што е парламентарна демократија е многу значајно прашање. Колеги, да бидете мнозинство во Парламентот тоа не значи да бидете сами со себе и за себе, туку да бидете координатор на останатите во Парламентот. Значи, треба да ги убедите и останатите колеги со силата на својата аргументација за да може да ве поддржат во остварување на програмата која што сметате дека е интерес на вашата партија. И токму затоа заради постоење на таа координација во Уставот се дефинирани и различни мнозинства за усвојување и за измени на Уставот, на законите, некаде 2/3 мнозинство, некаде апсолутно мнозинство и тоа само по себе значи координација и усогласување на ставовите од што вие упорно бегате. Повеќе пати слушаме од мнозинството дека тие ја добиле власта и дека треба да ја спроведат својата програма. Ќе се согласат можеби дека никој друг не ви е потребен под услов на една теоретски возможна ситуација, значи исклучиво само теоретски возможна, ако милион и 700 илјади гласачи гласаат за вас. Но, нема да се согласам, ако власта има нихилистички однос кон сите гласачи кои не гласаа за партиите од владината коалиција. Нема да ги споменувам бројките, познати ни се и не се незначителни. Ние колеги сите овде ги претставуваме граѓаните на Република Македонија. Затоа потребно е да работиме заедно во интерес на граѓаните. Но, наместо тоа овде се продуцираат седници кои треба да го срушат угледот на Парламентот. Според мене

таква е замислата. И затоа ве повикувам вас од позицијата што ја имате да не го допуштите тоа. Но, и покрај се денес расправаме за деловникот кој власта упорно го турка и за кој и премиерот Груевски во новогодишното интервју кажа: уште малку ќе не блокираат, но во јануари ќе го донесеме деловникот и ќе им го одземеме тоа право. Па како тргнал премиерот и Владата, јас навистина си го поставувам прашањето, кога ќе ни биде укинат и мандатот на нас пратениците од опозиционите партии. Кога станува збор за деловникот за кој навистина не знам дали се согласувате и сите пратеници овде од позицијата, а за кој текст сигурна сум дека нема да се согласат во услови кога ќе бидат во опозиција. Најнапред за деловникот беше предвидено да се бара поктирие, да имате некакво покритие за деловникот. Прво во експерт кој беше донесен од Германија, но кога слушнавте од него дека е потребно и пожелно деловникот да се донесе во согласност со партиите и од позиција и од опозиција, се откажавте. Од него потоа се префрливте на господинот Љупчо Јордановски, на човекот кој како претседател на Парламентот под чија палка работеше Парламентот, ни овозможи Република Македонија да го добие кандидатскиот статус. Но, ако навистина предлагачи на овој текст сте исправни во своите ставови, јас сметам дека немаше потреба да барате покритие ниту во германскиот експерт, ниту пак во претходниот претседател на Собранието. Ќе бевте сигурни дека текстот е добар, ќе ни го доставевте и ќе кажевте да, ова е добар деловник, се согласуваме со него, сметаме дека еднакво ги штити интересите и на пратениците во позиција и во опозиција, ако се донесе овој деловник нема да има потреба во иднина да се менува, па дури и во услови кога ние ќе бидеме опозиција и тогаш мислам дека работата ќе беше сосема поинаква. Но, сето она што се случува говори за сосема нешто друго. Начинот на кој што постапивте со барањето како што споменав покритие, само за себе говори многу. Тука е и основното прашање, дали во овој момент во Парламентот ние како пратеници потребно е да правиме отстапка од досегашниот начин на работа во Парламентот и начинот на кој бил донесуван Деловникот и времето во кое биле донесени претходните деловници за работа во Парламентот. Мислам дека ова е клучно прашање, јас споменав. Но кај мнозинството во Парламентот за многу точки на дневниот ред се покажа дека имаат различни ставови кога се во улога на позиција и различни ставови кога се во улога на опозиција. И затоа и не ме чуди што во ова време и на ваков начин е даден Предлогот на деловникот.

Искуството покажува дека досега сите деловници се носени со согласности на партиите од власта и од опозицијата и во време, на крајот на мандатот кога секој размислува еднакво и би рекла правично за тоа кои права треба да ги имаат пратениците или сите други активности и работи кои што се наведени во деловникот, затоа што никој не знае дали ќе ја добие власта на наредните избори. Менувањето на ова досегашно работење покажува сосема нешто друго.

Прашање кое што предизвика навистина најголемо внимание и покрај тоа што јас ќе ги повторам сметам дека времето е погрешено за спроведување на овој предлог деловник и начинот на кој што се предлага. Значи, прашање кое што предизвика голем интерес е прашањето за скратување на диускусиите. Иако има многу други прашања, за кои ќе говорам подоцна, кога станува збор конкретно за скратувањето на времето, или ограничувањето на времето за дискусии може и да се согласам дека не треба да бидат неограничени, но никако не можам да се согласам дека тие треба да бидат 10 минути со право само еднаш да се јавите да зборувате по точка на дневен ред. Не можам да се согласам со тоа дека ние како пратеници треба толку да го рушиме сопствениот углед и напатствијата и овде да вежбаме “брзи прсти” во парламентот па да се пријавуваме во рок од една минута за да добиеме збор. Што ќе стане со останатите функции кои што ги имаме во Парламентот. И редица други прашања се надоврзуваат почитувани колеги. Затоа зборуваа и претходните дискутанти многу исцрпно, точка по точка, член по член по деловникот. Јас нема да се повторувам сите работи исцрпно да ги соопштувам но ќе кажам дека се согласувам со нив. Навистина деловникот има многу недостатоци кои во случај да биде усвоен во ваква форма мислам дека нема да ја подобри, туку ќе ја влоши работата во Парламентот многу повеќе од она што можеме сега да замислиме.

Исто така сметам дека не е добро ограничувањето да се прави на драстичен начин како што е предложено во деловникот затоа што за да направите таков пресврт во работата од неограничените дискусии во ограничување од 10 минути сметам дека ни Собранието не може толку брзо да ја преструктуира својата работа и да најде други форми на работа кои што ќе го потполнат на адекватен начин времето на пратениците.

Вие можете да барате и аргументи, можеби и дел од предлагачите барале аргументи со тоа што во други деловници, во други држави има ограничувања, некаде повеќе, некаде со исто времетраење, но мислам дека не држи таквото образложение затоа што ние во овој момент кога сме со кандидатски статус за земја членка во Европската Унија не можеме да се споредуваме со земјите што се членки на Европската Унија. Прво, од формалната димензија, затоа што тие своето законодавство го усогласиле. Значи, имаат многу помалку обврски од формална природа. Има држави каде што бројот на пратениците е многу поголем од 120 колку што е кај нас и принудени се заради најразлични ограничувања, заради бројот на составот итн, да ги ограничуваат дискусиите. Тука ја споменувате Германија бидејќи сте земале пример од

Бундестагот од Германија, јас ќе кажам можеби во Германија, на пратениците од Германија им е чудно што кај нас во моментот нема ограничување и би се согласиле со ограничување, но тоа колеги што не може да се случи во Германија, а што може да се случи кај нас е начинот на кој што деловникот би се усвоил во Парламентот. Јас ве уверувам дека во Германија било кој состав, и не само во Германија и во другите западни земји дека позицијата ќе наметне свој деловник на опозицијата и нема да ги праша дали нешто им се допаѓа или не, или пак потполно ќе ги исклучи нивните забелешки. Токму за тоа ние треба да разговарам за Република Македонија, за состојбите во Република Македонија и да ги решаваме нашите проблеми.

И колеги повторно апелирам до вас. Ниие можеме да донесеме подобри закони само ако се слушаме, но ако априори се одбиваат предлозите само затоа што доаѓаат од страна на опозицијата мислам дека тогаш состојбата ни е лоша. Или можеби навистина се пореална станува дисхармонијата помеѓу декларираните приоритети на власта и реалните активности на Владата, а и оние активности што доаѓаат и што имаат своја завршница во Парламентот, па наместо во Европската Унија и во НАТО ние се враќаме назад кон безбедносните прашања кои само не одалечуваат од зацртаните приоритети.

Јас сакам да ја искажам својата желба навистина да расправаме за суштински закони кои ќе значат јакнење на правната држава, јакнење на принципот на владеење на правото, јакнење на демократијата и сеопшт развој, но да го изразам и своето незадоволство од тоа да расправаме лично за себе, за нашето право за збор или пак за нечијата желба да се претвориме овде во Парламентот во фикуси кои само ќе вегетираат. Јас во изборите не барав поддршка од гласачите за последното и затоа ќе се борам за оние прашања за кои сметам дека се приоритет за граѓаните. Секогаш кога ќе расправаме за такви прашања што се приоритет на граѓаните ќе го кажувам тоа јавно од говорница.

На крајот, колеги од власта, одговорноста за целокупниот процес е ваша и ако процесот нема успех одговорноста е ваша. Ако успееме сите ќе бидеме заслужни и немојте да бегате од неуспехот плашејќи се да го признаете нашето учество во успехот кој може да го постигнеме само заедно со почитување на ставовите и почитување на размислувањата на другите.

Гледам дека вниманието навистина попушта, се намалува бројот на пратениците од позицијата и затоа ќе завршам и ќе ве потсетам на една мисла од Конфучие кој вели “мудриот се срами од своите недостатоци, но не се срами да се бори со нив”. Затоа колеги апелирам до вас да го имаме ова во предвид, да се бориме со недостатоците, затоа што тоа ќе биде од интерес на сите нас како пратеници. Да не се случи дел од овие заложници за донесување на деловникот со вакви одредби во улога на опозиција да бидат први иницијатори за негова измена. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитувана колешке. Сега јас имам збор.

(господинот Анастасовски излегува на говорница)

Почитувани колеги и од мнозинството и од опозицијата, почитуван овластен предлагач на Деловникот на Собранието на Република Македонија иако и јас сум еден од потписниците на овој деловник кој вчера и денеска е на разгледување пред нас пратениците.

Со внимание ги слушам сите дискусии и вчера и денес, можеби од позицијата дека морам да бидам горе, да заседавам со седниците и во едно сум убеден. Навистина овој деловник ќе биде потребен за сите нас колеги пратеници во Собранието на Република Македонија и во овој состав и на некои идни состави на Парламентот. Затоа можеби е дискутабилен дајмингот дали сега да оди, дали подоцна или во некој друг пратенички состав да оди, меѓутоа мојата причина со која решив да бидам еден од потписниците на овој највисок собраниски акт, деловникот бидејќи мислам на Собранието треба да му дадеме поефикасна работа. Треба да го напрвиме пофункционално и поефикасно пред се заради самите нас, не за друго. Зато астојам како потписник зад овој деловник, но знаете добро е што ќе оди во две фази и можеме да ги кажеме нашите сугестии, препораки. Еве и јас како еден од предлагачите можеби имам нешто што сакам да додадам, да променам, или на нешто да влијаам што е сосема коректно и оправдано.

Во тој правец мислам дека требаше и треба да се одвива оваа дебата. Гледам на моменти дека таа застрани на сосема поинаква страна, дијаметрално се одалечивме од она што значи потреба, но навистина дали имаме потреба во моментот да донесеме нов деловник на Собранието на Република Македонија.

И од изјавите кои беа во јавноста и од разговори со колегите пратеници јас имам чувство дека има потреба од нов деловник, но апсолутно има право секој и да си го каже своето мислење. Верувам дека можеби во втората фаза ќе има и поголем број на потписници и дури од колегите на опозицијата, што е сосема легитимно и нормално и тие да бидат дел од овој собраниски предлог деловник и да го стават својот потпис. Нормално, ако успееме да направиме компромис за таа работа, но не надвор од оваа сала како што некој кажува во две фази, или во три фази, туку овде, во оваа сала да направиме компромис и да се договориме како на крај да излезе новиот деловник на Собранието на Република Македонија. Затоа од одредени колеги дискутанти упорно се кажува коегзистентност во ставовите, во политиките кои треба да ги имаме ние пратениците. И тоа е сосема оправдано и така треба да биде. Бевме дел од едно мнозинство во претходниот мандат, седевме во овие клупи напред и тогаш се залагавме, значи најголем дел од нас кои бевме тогаш мнозинство

за една ваква работа, но приликите, во даден момент се раздвоивме така да сега дел од нас останавме во мнозинството, некои се изборија да биде дел од парламентарното мнозинство, дел се во опозиција и најверојатно само терминот коегзистентност во политиките им остана како таков. Јас да го поткрепам овој факт и овие тврдења на дел од нашите колеги дека можеби не биле коегзистентни во даден момент, или тогаш говореле едно, сега говорат друго побарав одредени изјави во медиумите, бидејќи во 2001 година, 2002 година, се водела дебата за деловник, кога е донесен Деловникот и од тој момент натаму во различен временски период имаме дебата за деловник на оваков или онаков начин. Дали кога стана вистина ќе му е потребн на Собранието и поединци, медиуми отвораме одредени дискусии, одредени дебати за деловник на Собранието на Република Македонија. Сите ние сме сложни дека тоа треба да биде во правец на поефикасна работа на Парламентот. И јас сум еден од тие пратеници кои се на ставот дека ние треба да ја контролираме извршната власт. Таква треба да биде нашата улога. Јас сум постојано  за тоа, и порано како пратеник и сега. Од тоа нема бегање. Треба да си ја сватиме нашата улога како пратеници која извира од граѓаните, моќта која ни ја даваат граѓаните да бидеме дел од овој амбиент овде во Собранието.

И на почетокот уште се утвори дебата, дискусија дека поранешниот претседател на Собранието, господинот Јордановски доставил, не доставил одреден драфт на деловник кој бил или не бил, го виделе или не го виделе одредени колеги пратеници, јас само ќе прочитам една изјава во “Дневник” каде што се кажува, насловот е “Јордановски ќе дисциплинира преку џебот”. Значи, јас искрено жалам што морам сега да го спомнам името на поранешниот претседател на Собранието, кој го почитувам, господинот Јордановски, но тој најжестоко ја отпочна дебатата околу нов собраниски деловник и вели: “Јордановски завчера ја доставил работната верзија на деловникот до координаторите на пратеничките групи, кои треба да се изјаснат и да сугерираат за евентуалните измени на Деловникот”. Значи, ова го пишуваат медиумите. Тука се кажува за ограничувањето, за редовноста, за поголема ефикасност на таа драф верзија која, јас ќе бидам искрен пред себе и пред вас дека таа верзија ја немам видено. Значи, таа била доставена до координаторите на пратеничките групи, така овде пишува. Најверојатно не била процесуирана понатаму до пратениците бидејќи сега говориме за деловник кој е истиот со одредени измени кој го понудил тогашниот претседател на Собранието господинот Љупчо Јордановски.

Па, да бидеме понатаму коегзистентни во нашите политики и да имаме континуитет во тоа што го говориме, да бидеме одговорни пред самите себе прво, исто така во “Дневник”, дневниот весник се вели, околу расправата за собранискиот деловник, некој вид јавна расправа, меѓутоа медиумите се интересирале за целата активност околу деловник. Насловот говори “опозицијата порача дека нема да ја замолчат со 10 минути”, а таа опозиција сега е мнозинство. Меѓутоа, нема бегање. И, понатаму координаторот на пратеничката група на СДСМ ќе рече, тогашен, а и сегашен “го поддржуваме ограничувањето на дискусиите зашто само така ќе можеме да донесеме голем број на закони битни за Македонија да станеме членка на Европската Унија”. Истите аргументи се и сега. Ние говориме за континуитет, коегзистентност. Дајте да бидеме еднаш отворени. Пријатели јас имам напишано говор за ова, многу убав говор, меѓутоа тој не доаѓа од мене, доаѓа од човек кој ги разбира подобро работите од мене, добро е напишан, одлучно е напишан, меѓутоа не доаѓа од мене, јас сакам нешто поинаку да кажам. За ова, за политики коегзистентни , за ставови перманентни во целиот овој период како сум пратеник од 2002 година до денес не за дневно политички ставови, па денеска вака, денеска ни се потребни на ова мнозинство закони, претходно биле на тоа мнозинство потребни закони. Не, законите се потребни на Република Македонија, на сите нас. Тоа е коегзистентност во политиките. Ако тогаш јавно сте говореле да, добро е, сега кажувате не, не е добро. Или ако тогаш таа опозиција кажувала дека со ограничувањето ќе се направи некој режим, не знам каков парламент, па и тоа не држи. Јас ќе говорам само за тие три-четири одредби за кои мислам дека треба јавно да се отвори широка дебата. Мене мим е драго што од она што можев да го вида во изјавите од поранешниот период господинот Кондарко има идентични ставови, имал и тогаш идентични ставови и сега. Во ред, можеби ставовите на координаторот тогаш и сега односно кога ќе направи дискусија, не сакам да прејудицирам ќе бидат исти, идентични како и овие што се од тој временски период. Не сакам предвреме да преудицирам. Јас и тогаш јавно, значи не во дебата во Собранието, туку во изјави во мемдиуми говорев да, добро е за ефикасноста да размислуваме во тој правец на ограничување. Како, моделот пак треба ние овде да го договориме и треба да расправаме. Поселдната дебата кога бев во декември во Брисел во Европскиот парламент во материјалите за учество за пријава за дискусија околу дебатата “Иднината на Европа” стоеше и “имате две минути да се пријавите за дискусија”. Значи, во листот кој стои на вашето место каде што треба да седнете односно на секоја од делегациите, говорам, ние бевме посматрачи, делегациите се од пратеници од Европскиот парламент од сите членки. Бидејќи се отврои интересна дебата, широка дебата и огромен број пратеници сакаа да го кажат своето мислење претседавачот во тој моемент одлучи -да, добро е вака да се договориме, една минута секој да го каже своето мислење. Тоа веднаш стапи на сила.

Договор направија веднаш тука во Собранието. Предлогот кој го достави господинот сегашен

претседател на Собранието Љубиша Георгиевски, усогласен со Деловник од Бундестаг, сите ние имавме пооделни средби како пратенички групи со поранешниот секретар на Бундестагот - имавме прилика да разговараме со него - и тој со одредени одредби во таа нацрт верзија не се согласуваше. Затоа ретерираше од тој став и се предложи верзијата од поранешниот претседател на Собранието со одредени измени, за кои треба да се разговара и треба да се дебатира. Од тоа нема бегање, но треба да биде единствено во правец дека треба да ја подобриме нашата работа. Значи јас не сум од тие пратеници кој мисли нешто да се ограничи, да се лимитира временски, дека демократијата тука застанува, почнува тоталитаризмот, какви се правила не се наметнуваат. Апсолутно не сум од таа група на пратеници кој тоа го поддржува. Меѓутоа, треба да видиме на кој начин би било најдобро да се направи за овој наш Парламент, бидејки работата на Бундестагот, каде што веруваат и во кворумот, значи колегите кои имаа шанса да разговараат со господинот секретар дека тие таму и немаат проблем со кворумот, веруваат и одредени одлуки ако ги донесат без кворум, тие веруваат во тоа. Значи тоа е сепак до менталната матрица и ние тука не треба воопшто да се споредуваме со Бундестагот. Би било коректно да разговараме за тоа како да го направиме ограничувањето овде кај нас и да бидеме поефикасни. Не да замолчиме, ниту имам намера, ниту сега се обидувам некого да замолчам. Дури, мојата колешка од мојата пратеничка група говореше сосема надвор од она што значи денешна расправа, но лично немам намера некого да замолчувам, така и се чувствувам и не сакам некој да дојде на оваа говорница и да каже вие од мнозинството овде замолчувате, воведувате режими и нешто друго. Тоа е сосема погрешно, јас лично не би го прифатил тоа. Да расправаме за Деловникот, да разговараме во правец да се договориме како најдобро треба да изгледа и како треба да биде и да го уредиме нашето однесување овде во Собранието со правилата на игра, апсолутно сум за тоа. Јас не слушнав да проговори ни еден од дискутантите за тоа дали е коректен идниот начин кој треба да се случува за читањето на законите. Сите овде се залагаме и во нашите изјави велиме дека треба да им дадеме шанса на комисиите, треба тежиштето на работата на Собранието да го ставиме на комисиите, бидејки така е секаде во европските парламенти, и во старите традиции и парламенти и во новите парламенти на земјите што се приклучуваат, а тука ќе го спомнам Романскиот парламент, за кој верувам дека повеќето од вас имале шанса да види дел од тој амбиент, како и да го посетите тој парламент. Дури и со американските конгресмени кога имавме средби овде во нашите сали за состаноци на комисиите ни беше предочено каква е работата на комисиите. Со госпоѓа Бендевска бевме заедно на една од тие дебати и разговори, ни беше предочено каква е работата во комисиите овде во вашиот парламент/ Не би сакал да ги читам сите изјави и да се навраќам на тоа, бидјеки во принцип не сакам да се навраќам на нешто што било порано. Ова не сакам да го злоупотребам, само го прочитав во правец на тоа да останеме конзистентни на нашите политики и на нашите ставови, а не тие да бидат единствено од дневна потреба, а потоа тоа не важи, сега сме на друга страна, одиме со поинакви ставови. Значи немав намера ова да го земам како злоупотреба. Ајде да разговараме тогаш, ако сите сме согласни, работата на Собранието да ја сведеме на комисиите, ако е потребно, ако обезбедиме технички услови да го зголемиме и бројот на членовите на комисите, како што е во сите развиени европски парламенти и таму да биде тежиштето на првото, на второто читање. Ајде да разговараме дали е коректна процедурата на носењето на законите. На секоја владина иницијатива на закон која ја носи со брз постапка ние реагираме. Ајде да разговараме во овој Деловник тоа да не биде така, да се обврзе со овој Деловник таа процедура да оди како што треба со прво, второ, трето читање. Не слушнав ни еден дека за тоа зборува, а говориме за наша работа, говориме за работа на пратениците во Собранието на Република Македонија. Тука ќе се залепат одредени етикети и пак ќе одекне така во јавноста. Јас знам дека граѓаните не се интересираат за оваа дебата и воопшто не им е битно што ќе се случува со Деловникот и со она што треба ние да го уредиме за нашата работа, за нашата ефикасност, ама еве, ние се обраќаме и спрема граѓаните.

Вие ќе се согласите дека и во минатото - колешката Цветанка Иванова, господинот Најдовски беше дури и потпретседател - сме имале читање на стенограми од 45 минути, еден час, час и половина овде. И сега го имавме тоа, од разни дневнополитички потреби. Дали вие со тоа би се согласиле? Дали искрено како луѓе, како пратеници ќе се согласите со една таква опција да се случува во Парламентот? Кажете го тоа отворено. Јас не. Јас го ценам и вашето, меѓутоа вие треба да го цените и моето време и сите тие кои заради такви активности овде во Собранието политички тоа го употребуваат, ајде да речам го злоупотребуваат. Најлесно е да ги земете стенограмите од поранешните говорници и да ги читате овде по три дена, за да добиете одреден бенефит. Верувам дека тоа време би требало да се ограничи, ако на крајот се изјасниме во ова Собрание може да се кажат одредени ставови и во тој временски период. Ако може за дебата за иднината на Европа во Европарламентот да се каже за две или за една минута, можеме и ние овде. Во тој случај да направиме работата на комисиите да биде транспарентна, отворена, јавна и тогаш таму пред се да ги кажуваме, во најголем дел, нашите ставови.

Сите во изјавите порано се согласуваа дека треба да имаме еден ден за гласање. Сега тоа е дискутабилно, не знам зошто. Јас сум приврзаник на тоа нашата работа да ја сведеме на комисии,

ако е потребно да го зголемиме бројот на комисиите, да го зголемиме бројот на учесници - пратеници во комисиите и таму да се одвива главната дебата, ако треба седниците да бидат јавни, бидејки ова на нас ни е маркетинг. И ова јас што го говорам сега го правам од маркетинг, една камера овде, друга камера таму. И тоа е и вашата намера и вашата идеа и на сите 120 што сме овде. Затоа треба да бидеме искрени. Ако волјата на мнозинството решила дека ќе го донесе така, таа ќе го донесе, без оглед на тоа што некој од опозицијата има нештопротив тоа или не се согласувал со тоа. Но јас говорам дека е добро да се усогласиме, не мора во целина, во најголем дел од тоа да се усогласиме и да донесеме таков Деловник.

Тоа беше во принцип моето видување и зошто го ставив потписот на Деловникот. Драго ми е што тој ќе оди во две фази и драго ми е што на широко ќе се дебатира по повод ова. Искрено би сакал овде да успееме да се усогласиме околу овој документ, а не да биде усогласување надвор во две или во три или незнам во колку фази. Ова нема да го користат лидерите на политичките партии како документ, тој документ нема да го користи Владата, ние ќе го користиме. Затоа би било добро овде да ги разрешиме сите дилеми.

Ви благодарам.

(Потпретседателот Иван Анастасовски од говорницата се упатува кон претседавачкото место и продолжи да раководи со седницата).

Јас нема да одговарам на ниедна реплика, меѓутоа, на сите ќе ви дозволам реплика.

За реплика се јави пратеникот Слободан Најдовски, повелете вашите три минути.

**Слободан Најдовски:** Почитуван потпретседателе,

Моето јавување не е толку реплика колку е дополнување и дилема, што е согласно Деловникот. И вчера зборував но и сега сакам повторно да кажам дека ме зачудува што ние самите пратеници сакаме да ја преземеме одговорноста за состојбите во кои се наоѓа државата и да кажеме дека Парламентот е виновен за сите состојби што се случуваат сега или во изминатите 15 години, сето тоа под плаштот на некаква ефикасност на Собранието.

Господине потпретседатле, јас ќе повторам уште еднаш, да не влегуваме во таа стапица која ни е наметната од страна на Владата. Ова ќе го потврдам со следново. Кажете ми што во овие 6 - 7 месеци е закочено од страна на пратениците, било од опозицијата, било од парламентарното мнозинство. Во ова Собрание седат десетина закони кои се од областа на економијата, но кои претставуваат само една шминка на одредени законски решенија кои не ги расправало Собранието. На четири седници по ред упорно поставувам тоа да го дискутираме, парламентарното мнозинство тоа не го прифаќа. Но во ова Собрание моментално не стои, не е закочен ни еден закон од некои наводни економски реформи, што значи, јас како пратеник не ја прифаќам вината дека не можат да се спроведат економските реформи заради тоа што Собранието е неефикасно. Тоа е првата работа што сакам да ја кажам.

Во овие изминати 15 години, за да не излезе дека само за оваа Влада зборувам, кажете ми што закочил овој Парламент. Напротив, бил извршител на Владата, зборувам на било која Влада до сега, ги изгласувало секогаш законите предложени од Владата, но секогаш кога ќе се јавел одреден проблем во државата, мора да се најде вина во пратениците, не доаѓале редовно, земале дневници и друго. Таа обврска и таа одговорност јас не ја преземам и затоа господине потпретседателе, ве молам и вас и сите други да внимаваме, да не си носиме штета самите и да влегуваме во тие стапици.

И следното, рековте за ограничување на дискусијата, сте за ограничување на десет минути. Господине потпретседателе, дискутиравте 30 минути за Деловникот, што значи вие и другите што дискутираа покажавте дека за 10 минути не можете да го искажете вашиот став. Би завршил со следново.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Само една реченица.

**Иван Анастасовски:** Еве, ви дозволувам, за да не сум тоталитарец.

**Слободан Најдовски:** Точно е дека во одредени парламенти времето на дискусија е ограничено на 10 минути, но ни еден парламент од тие што ги напоменуваат сите пратеници не носи Кривичен закони од 450 члена и сега треба јас да бидам генијалец за 10 минути за тие 450 члена да го искажам својот став. Не, колеги, тоа е запирање на демократијата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Еве, јас не ја запирам демократијата и би дозволив да зборувате. Се извинувам, јас немам пред мене податок дека сум говорел 30 минути.

Реков дека не правам контра реплики и по редоследот на пријавените реплика има пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, не можам да не забележам дека вашата дискусија сепак беше детерминирана од вашата позиција и искуство што го имате во Парламентот во претходниот парламентарен состав и во сегашниот, бидејки во двата мандата сте во улога на позиција, и претходниот пат со сегашната опозиција и сега со поранешната опозиција. Токму затоа на вас не ви пречат ограничувањата од 10 минути, бидејки искуството ви говори на тој начин.

Морам да кажам дека се зачудувам од тоа што јавно кажавте дека сте потпишани на Предлогот за донесување на нов Деловник, од една страна сте ја потпишале иницијативата, од друга страна велите дека треба Парламентот да ја контролир аизвршната власт. Се прашувам навистина како со овие одредби што се предложени

Парламентот ќе ја контролира извршната власт, ако во тие одредби што значат контрола нема сменето ништо и оној дел каде што е наведена итната постапка. Факт е дека овде се соочуваме и со негодување, барем тоа можеме да го забележиме кај колегите од мнозинството, кога и тие не се согласуваат со некои предлози на Владата, но гласаат за нив. Меѓутоа, овој Деловник не нуди контрола на извршната валст, туку значи само ограничување на правата на пратениците од опозицијата.

Исто така сакам да истакнам дека разликата меѓу актите што се носат е во тоа како се применуваат. Имате акти што се применуваат и тоа е подобро, кога какви и да се, и да имаат недостатоци се применуваат, и акти што не се применуваат. По тоа се оценуваат државите како правна држава, таму каде што се применуваат законите и оние каде што имаме недостатоци во овој сегмент. Кога станува збор за Парламентот би ја направила дистинкцијата од претходниот состав и сегашниов во начинот на примена на актите и во начинот на работа по сегашниот Деловник, кога за многу прашања за кои не беше потребно мнозинство од опозицијата, поради начинот на кој се работеше, се бараше подршка, консензус и од пратениците од опозицијата. Тоа е улогата на Парламентот, за што и јас зборував, да зборуваме, да дискутираме и да се разбереме меѓу себе, а не меѓусебно да си ги наметнуваме ставовите. Мислам дека е тоа полошиот избор, кој еве сега практично и се случува, со барање да се ограничи на секој начин можноста на пратениците од опозицијата да ги искажат своите ставови. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и јас.

Три минути реплика за пратеникот Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Мислам дека кога почнавме да дискутираме за Деловникот имаше консензус меѓу сите политички апртии дека треба да има промена на Деловникот. Јас и понатаму стојам зад тој предлог, но како да дојдеме до заеднички став станува се посериозен и посериозен проблем. Особено тогаш кога се зборува од пратениците дека се злоупотребува времето во Парламентот за Парламентот да стане неефикасен - апсолутно сметам дека е погрешен тој став затоа што политика и контрола на Влада се води во Парламентот. Користењето на говорницата и кога се читаат стенограми, се читаат како аргумент за некаков политички став на луѓе од својата или од некоја друга политичка партија во правец на конзистентност со одредена политика или неконзистентност на одредена политика и затоа не ми е јасно зошто толку често на некои од пратениците кои треба да го имаат тоа како аргумент им пречи таквото нешто.

Сметам дека Собранието е ефикасно толку колку што е ефикасно заради политичките ставови или неусогласените политички ставови, а не заради Деловникот. Деловникот можеби ќе го скуси времетраењето на дискусиите, но нема да ви ги реши проблемите. Вие рековте дека мнозинството ако сака ќе го изгласа, и ќе го изгласа, тоа е факт, но тоа нема да го реши проблемот на дијалог овде во Собранието. Значи ние можеме и сме можеле и со овој Деловник да бидеме многу ефикасни тогаш кога сме сакале. Она што било која владеачка партија, оваа или некоја друга или било коај Влада, па дури и мнозинството во Собранието, што според мене ќе се обиде да го донесе, со употребата на силата и моќта на мнозинството, кај другите ќе предизвика револт и само ќе ги продлабочи недоразбирањата.

Затоа сметам дека е неопходно ние овде да се договориме навистина во салата, навистина ние пратениците како тоа ќе го решиме.

Конечно би се осврнала на она ограничување на 10 минути. Од мое лично искуство знам дека 10 минути можат да бидат многу поубиствени од десетина часа. Но ние не сме ни Германија, ни Данска, ни Шветска. Таму има едноставно оправдување, тие се на повисока зрелост на демократијата, нивните парламенти се побројни од 300, 500, 550 луѓе и не носат вакви значајни закони - апсолутно се согласувам со претходниот говорник - какви што ние носиме и немаат, односно имаат одговорност, но не за овие реформи кои ние ги правиме. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и на вас за репликата.

Има збор пратеник госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе.

Јас, како еден од предлагачите на овој Предлог-деловник сакам накратко со мој придонес да придонесам поконструктивно денеска да дискутираме за овој Предлог. Исто како и претходните дискутанти се согласувам дека е добро овој деловник да оди во две фази, како што се договоривме претходно.

Лично, не сметам дека нам, пратениците,со овој Предлог-деловник ни беше ускратено правото да влијаеме со свои забелешки врз членовите што сакаме да ги промениме. Меѓутоа, од ова што го гледам од овие два дена едно е јасно, дека практично, ние имаме проблем со стариот Деловник и сите се согласуваме да смениме некои членови од него.

Недостатоците од постојниот Деловник е дека постапката за донесување на законите, роковите за превземање на одредени дејствија и правилата за одвивање пленарни седници не секогаш, меѓутоа, често доведуваат до одолговлекување на постапката, но и повторување на расправата.

Со новит деловник сметам дека ќе се зголеми улогата на работните тела. Со тоа мислам дека седниците ќе бидат поефикасни, пократки и порационални.

Овде, од некои од пратениците беше речено дека не е демократски да се скратува правото на дискусија. Меѓутоа, нашите насоки во овој дел упатуваат дека демократијата со ништо не може да се спречи, бидејќи во западните земји секаде е ограничен говорот на пратениците заради поголема ефикасност, па таму не спречуваат и не кажуваат дека нема демократија. Напротив.

Овде беше спомнато дека ние, пратениците, не сме виновни за застој на одредени закони што се донесуваат во Парламентот во пленарни седници. Делумно ќе се согласам, меѓутоа, делмуно не.Сведоци сме во изминатиот период, особено пре два - три месеци кога беше донесуван Законот за полиција дека намерно со денови се опструираше работењето на Собранието. Со тоа, практично ние изгубивме 45 денови во неефикасно работење.

На гледачите од малите екрани навистина им досадивме со повторување на дискусии. Сметам дека со 10 минутно време, ако сме добро подготвени, навистина можеме да искажеме се околу законите.

Внимателно ги слушав дискусите на нашите колеги пратеници. За жал, по вокација не сум правник, што многу ми пречи во постапката во донесувањето на овој деловник, меѓутоа внимателно ги слушав дискусиите и ќе се согласаме со нивните забелешки, особено кога се работи за инкорпорирање на некои од законските измени. Ќе наведам само неколку. На пример, усогласувањето на Законот за еднакви можности, сигурно дека треба да се усогласи со деловник. Потоа, добро е што потпретседател на Собранието ќе биде избран по желбата на една од најголемите опозиции, тоа значи нејзин избор. Потоа, одредбите за отсуство, исто така треба да бидат разгледани, дали може да се прошири во врска со објективноста и спреченоста на пратениците. И тоа го апсолвирав. Исто така, ги апсолвирам и забелешките на колешката Ивановска во однос на второто читање, дали не е потребно само еден пратеник да има право на приложување на амандмани или треба да се измени она што е наведено, пет пратеници да имаат право на измена.

Кога овде говорам за нашето учество, мислам дека на сите ни е подеднакво дадено правото да учествуваме во сочинувањето на овој деловник, пред се заради нас самите. Не би се согалсила со дискусиите дека ние не придонесуваме за застој во донесување на законте. Минатиот период, па дури и од претходниот парламентарен состав ми се чини е доволен доказ дека дел, не целосно, меѓутоа, дел од вината за застојот во донесувањето на реформите, сигурно дека и ние имаме вина. Сакам да кажам, со долготрајните неефикасни дискусии, некоректни дискусии ние придонесуваме да не се донесат во определен, нормален рок законите.

Друго е прашањето дали ние ќе успееме со зголемување на дејноста на работните тела поефикасно да работиме во Собранието?

Исто така и јас сум еден од пратениците кој даде придонес и потпис за овој Предлог-деловник, за работењето на Парламентот да се промени со деловникот. Дадов неколку прилози, неколку измени што сметам дека ќе продонесат за поефикасно работење. Тоа го дадов во писмена форма, па се надевам дека работата група што ги бележи сите овие промени сигурно дека ќе инкорпорира некои од овие мои ставови во врска со промена на деловникот.

Сакам само да потенцирам дека сите ние, како пратеници имаме и имавме во овој период можност да придонесеме ефективно да работиме на измена на овој деловник.

Си земам за право кога ќе дојде расправата да дадам и свој придонес во однос на она што мислам дека конкретно во некои членови треба да извршиме измени. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Матоши Ружди, но тој не е присутен во салата.

Следен за збор е пратеник госпоѓа Поповска Лилјана. Не е присутна во салата.

Има збор пратеник господин Витанов Зоран и тој не е присутен во салата.

Следна за збор е пратеник госпоѓица Грковска Славица. И таа не е присутна во салата.

Има збор пратеник господин Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Изминаа точно 6 месеци од работата на овој Парламента во овој парламентарен состав. Досегашното искуство ни покажа дека не можеме да се пофалиме дека бевме ефикасни во овие изминати 6 месеци, од проста причина што за овие 6 месеци донесовме многу мал број на закони и бевме доста неефикасни и нерационални на нашите севници.

Ова особено може да се поткрепи со фактот кога го имавме Законот за полиција, што го носевме цел месец, кога имавме навистина неефикасни, јалови дискусии, дискусии што се повторуваа повеќе пати, а се знае дека единствената цел беше што повеќе да се одолговлече.

Според сите оние анкети што досега се направени и во последните месеци и последните години и за овој парламентарен состав, меѓутоа и за оној парламентарен состав во минатиот состав. Имаме многу ниски оценки за Парламентот.

Имено, според анкетите од ИРИ имаме оценка од 2 - 2,5 во градацијата од еден до пет. Според анкетите што се одвиваа преку УНДП имавме доверба кај граѓаните, како Парламент од 4,2 - 7%. Ќе се согласите дека тоа се многу мали проценти и многу мали оценки за работата и ефикасноста на нашиот Парламент. Токму од тие причини овој парламентарен состав, односно

група пратеници предлагаат нов деловник што би бил применет во ова Собрание.

Многуте нејаснотии што беа присутни и се присутни во постојниот Деловник, особено во членот 3 од Деловникот каде се зборува за употребата на албанскиот јазик во водењето на седниците на работните тела, отвори доста големи полемики и во овој состав и во овие комисии во Парламентот, меѓутоа и во овие комисии кои беа раководени од наши колеги албанци во минатиот состав. Знаете дека тие комисии не заседаваа, само се отвораа, почнуваше обично да работат, меѓутоа бидејќи претседателите на тие комисии зборуваа на албански јазик, седницата веднаш се напушташе од другите членови на работното тело и такви комисии не се одржуваа. Се согласувате дека ваквите заклучоци, односно недостиг на вакви заклучоци од тие комисии сепак не беа во интерес ниту на овој парламентарен состав ниту на претходниот.

Од тие причини, ние, како парламентарно мозинство не можеме да седиме мирни и да кажеме дека работата е добра, дека работата оди. Работата во ова Собрание не оди. Од тие причини се зафативме да донесеме нов правилник со кој што се надеваме дека ќе бидеме многу поефикасни.

Причините за донесувањет нов деловник за работа, покрај надминување на неефикасноста и нерационалноста на Парламентот, има еден многу значаен момент што кај нас треба да биде присутен, а тоа е дека Република Македонија се наоѓа во еден период во кој што ние како Парламент, мораме да донесеме поголем борј закони што морат да бидат усогласени со оние од Европската унија. Тие ќе бидат сигурно околку 400 закони.

Во досегашните дискусии на нашите пратеници од опозицијата се изнесуваат тези дека и во минатиот состава со овој Деловник се донесоа преку 400 закони. Меѓутоа, не можеме да правиме паралела помеѓу овој парламентарен состав и оној што беше претходно, од проста причина што минатиот парламетнарен состав имаше едно постабилно мнозинство. Да потсетам, тогашната коалиција “За Македонија заедно” имаше 59 пратеници, плус од ДУИ имаше едно стабилно мнозинство што беше преку 80. Подоцна кога дојде до поделбата во опозицијата, пак имаше нефорамално засилување на тоа мнозинство. Од тие причини не можеме да правиме паралеле со тој состав и денешиот состав. Тоа е една работа.

Втора работа што не можеме да правиме таква споредба е во самите претседавања со седниците. Не можеме да ги поистоветиме личностите на господинот Љупчо Јордановски како претседател на Собранието со господинот Љубиша Георгиевски. Знаете дека сепак се работи за две карактерно различни личности, со различен степен на демократија и различен степен на толеранција, со различен степен на однесување односно отстранување на пратениците од оваа собраника говорница.

Почитувани пратеници,

Ово предложен деловник не е некој наш изум. Тој нема да се примени прв пат во оваа држава. Тоа е деловник што бил применет и во други држави. Рековме дека има многу допирни точки со словенечкиот, со бугарскиот, со финскиот што е работен по теркот на словенечкиот, така што во овие земји Словенија, Бугарија, тоа беа земји кандидати за Европската унија. Во тие земји, за да се забрза донесувањето на новите закони се донесоа такви деловници што беа ефикасни. Имаше временско ограничување на дискусиите и тоа доведе до резултати. И Република Бугарија и Словенија се во Европската унија. Истиот модел што таму беше применет, го применуваме и ние. Сакаме да бидеме поефикасни. Сакаме да сме порационални, да имаме пократки дискусии и да донесеме што поголем број на закони.

Тоа што е битно за овој деловник се три клучни новини:

Пред се, тоа е што се дава поголема улога на работните тела односно комисиите. Таму би се одвивале сите оние клични прашања, каде има несогласувања на пример по некои закони.

Понатаму, временското лимитирање на дискусијата од 10 минути е можеби навистина малку, меѓутоа сепак се покажа како добра пракса во тие земји и во други кои не ги спомнав до сега.

Постапката за донесување на закони би се одвивала во три фази, односно три етапи на читање.

Тоа се новини што треба да бидат применети со новиот деловник доколку го усвоиме.

Драги пратеници, би сакал да укажам на една друга работа што е многу важна, што е поврзани со Законот за пратеници. Во тој Закон за пратеници, што не засега нас, во членовите од 20 до 23 каде што се говори за правата и обврските на патениците, вели дека пратеникот, освен тоа што е дложен да присуствува на работните тела и на пленарните седници на Собранието, пратеникот е должен да има контакти со граѓаните што го избрале, со невладини организации, со здружение на граѓани и други фактор. Според досегашното искуство, барем во последните 2 -3 месеци оваа наша должност не ја применуваме. Имаме постојано седници кои се секој ден во неделата, сите работни денови и едноставно немаме можност кога да излеземе со тие граѓани, кога да се сретнеме, кога да ги слушнеме нивните мислење и кога да им дадеме отчит за тоа што сме го сработеле овде во Парламентот.

Некои од нас, не сите, имаат канцаларии. Пратенички канцаларии. Меѓутоа тие канцаларии навистина не можеме во нив да влеземе да ги примиме нашите странки, нашите граѓани. Тоа мора во идниот деловник, во овој деловник за работа на Собранието да се вметне, дали со

членови или да биде претходно направено овие мои забелешки треба да се внесат бидејќи се сепак во интерес на граѓаните.

На крајот, би сакал да кажам дека деловникот што сега се носи, се носи во две фази. Ова е првата фаза за која што сега зборуваме. Тоа е прва фаза во која што вие, како парламентарно малцинство ги кажувате вашите забелешки. Кажувате, што е тоа со што не се согласувате. Тоа не се сите членови. Вие не се согласувате со некои од тие членови. Затоа, во овој перод помеѓу двете фази постои доволен простор да се договараме, да видиме што е тоа со што не се согласувате и се надевам дека постои можност овие наши несогласувања барем до некаде да се усогласат. Затоа што не сакаме да сфатите дека со овој деловник сакаме да правиме тортура врз вас, да ги орагничиме вашите дискусии на 10 минути, не сакаме да мислите дека сме арогантни па така се наметнуваме.

Свесни сме дека без вашите гласови, без гласовите на моненталната опозиција не може да донесеме неколку клучни закони кои се носат со двотретинско мнозинство. Затоа не е во интерес ниту на нас, ниту на вас да ја дигаме тензијата. Да имаме едно разбирање затоа што навистина не чекаат клучни закони што мораме да ги донесеме брзо. Јас се надевам, претпоставувам дека иако овде можеме на оваа говорница да зборуваме, да се караме, да полимизираме за нашите ставови, надвор во Клубот на пратениците заедно седиме, заедно пиеме кафе. Ги знаеме вашите ставови. Вие ги знаете нашите ставови. Сите имаме една заедничка цел. Заедничкат цел е Македонија да ја воведеме во Европската унија.

Затоа се надевам дека ќе најдеме компромис да малку овде се попушти во однос на овој деловник во некои ваши забелешки, но и вие да сфатите дека сепак ние сме тие кои сме одговорни за тоа ќе одат работите во ова Собранието или нема да одат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Кој од пријавените е за реплика?

Според редоследот прва за реплика е пратеник е госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете вашите три минути.

**Роза Топузова Каревска**: Благодарам почитуван потпретседателе.

Уште по дискусиите по овој деловник се виде недоследноста и хипокризијата на парламентарното мнозинстов, затоа што ниту еден, вклучувајќи ве и вас не говоревте не говоревте помалку од 10 минути.

Еве, се јавуват со чест на неколку исклучоци, влучувајќи ве и вас, претходниот говорник, не говоревте помалку од 10 минути или 10 минути...

**Иван Анастасовски:** Покусо говореше претходниот говорник, 8 минути.

**Роза Топузова Каревска:** 12 минути , ве молам.

**Иван Анастасовски:** Часовникот овде покажа кај мене на мониторот.

**Роза Топузова Каревска:** Ве молам, не ми одземајте од времето, најверојатно добро научивте од претседателот на Собранието да ме прекинувате кога ќе излезам на говорница. Мислам дека треба да се учат добрите работи, а не лошите работи.

Дозволете ми да продолжам. Добро е што почитуваниот колега призна зошто се носи овој деловник, затоа што е проблем во парламентарното мнозинство, бидејќи не биле толку, биле толку, биле волку, било стабилно, ние сме имале повеќе, вие имате 71 пратеник кој ја поддржува Владата. Но, разликата е во тоа што вашите пратеници сакаат да одат на појадок кај господинот Буш, сакаат да одат некаде на друго место да шетаат, точно, заради тоа не можете да обезбедите кворум, можеби да летаат до цепелинот, не знам што е во прашање, но не можете да обезбедите кворум. Тоа е едната работа.

Уште нешто што е посуштинско, кажете ми во која држава од овие што ги набројувавте го имаат членот 3, она што е суштинска промена, што го немаше во претходниот Деловник, воведување на мала врата на албанскиот јазик е договор помеѓу парламентарното мнозинство и ДПА и не можете да го направите на друг начин со донесување на Законот за јазиците затоа што се плашите да не почнете да губите од вашиот рејтинг, исто се случи и со некои закони кои не беа донесени во минатиот парламентарен состав, но ние имавме доблест ги ставивме на дневен ред и дискутиравме по нив. Направете го тоа, тогаш навистина ќе разговараме дека се работи за чесни намери и навистина ќе сфатам дека се работи за ефикасност.

Последно, што се однесува до работа со граѓаните, во минатиот состав многу пратеници, меѓу кои и јас, работевме со граѓаните, го жртвував својот викенд, секоја сабота имав приемен ден во мојата канцеларија, а понекогаш знаев да појдам и на терен. Но, за жал, и тука сте неискрени. Ако бевте искрени во таа намера ќе го изгласавте амандманот на мојот колега Слободан Најдовски со кој се бараше средства не да бидат во рацете на пратениците, туку напротив средства кои ќе бидат вложени во тие канцеларии каде ќе можат да работат со граѓаните. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Процедурално бара пратеникот Агим Рамадани.

Би сакал да видам во што е повредена процедурата, повелете три минути.

**Агим Рамадани:** Процедурата е повредена во однос на тоа дека е употребена неуставна категорија “на мала врата албански јазик”. Тоа е процедурална категорија односно конститутивна категорија. Немојте со инсинуации и конструкции да разговарате во овој Парламент. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** И вчера ни се случуваше истото, вие и колешката Роза, мислам дека треба надвор да го разјасните.

Една минута контра реплика за пратеникот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Тоа што некои од нашите пратеници отишле на ројадок што го приредувал Буш мислам дека не е за чудење, туку за пофалба. Сепак биле поканети од господинот Буш. Тоа е едната работа.

Втората работа за членот 3, навистина тој член до сега беше спорен во досегашната работа на комисиите, па мислам дека во иднина тој член не би бил спорен и не гледам голема бојазност зошто на пленарни седници да се зборува на албански, а на тие работни тела да не се зборува на албански јазик.

Понатаму, не баравме средства, туку баравме време за контакт со нашите граѓани.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Јас се согласувам со тоа дека единствена обврска на пратениците не е да присуствуваат само на седници на Парламентот, туку треба да остварат средби со граѓаните, со своето гласачко тело, со невладини организации, средби со странски делегации и т.н.

Но, не гледам дека тоа овој Деловник ни го овозможува. Пратениците мора да бидат присутни и единствена можност да не бидат присутни на седниците е да се на службено патување или поради болест, што ќе биде докажано со медицинска белешка, да го оправдаат своето отсуство.

Факт е дека различно гледаме во зависност од тоа за кои пратеници станува збор, па еве имаме можност да ги има овде во Парламентот кога има средби со странски делегации и ако на мнозинството им се потребни гласачи да ги повикаат од тие средби, членовите на странските делегации да останат на средба со еден или двајца членови од Парламентот, а тие од позицијата да го напуштат состанокот, од друга страна кога во салата се отсутни членовите на опозицијата, пратениците од опозицијата и кога имаат други обврски кои сме обврзани да ги исполнуваме, се соочуваме со вперување на телевизиските камери на седиштата каде се нашите места. Е, во тоа е разликата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Проблемот беше во врска со тоа дали ќе имаме слободен ден или нема да имаме за контакт со граѓаните. Реков дека е тоа наша обврска која ја пишува во Законот за пратеници, како што е обврска да имаме работни 40 часа во неделата. Меѓутоа, со добра волја има работи кои можат да се направат и неформално. Не мора да се вградат во деловник, како што беше впрочем до сега во претходниот состав на Собранието, обично понеделникот беше неработен ден и во тој ден пратениците навистина имаа можност да седнат со нивните граѓани и со нивните здруженија и фондации.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Игор Ивановски, но не е присутен.

Почитувани колеги, бидејќи сме на крајот на работното време за денеска ја затворам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со расправа по Деловникот на Собранието.

(Седницата прекина со работа во 17,58 часот)